# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 2003 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието на РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Дваесет и шестата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Елеонора Петровска - Митева, Ристана Лалчевска, Силвана Бонева, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Слободан Најдовски, Јордан Михајловски, Гајур Сарач и Сашко Ќедев ме известсија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

На седницата присуствуваат 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата пртисуствуваат мнозинство пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на РМ, г-динот Борис Трајковски; претседателот на членовите на Владата на РМ; претседателот на Републичкиот судски совет; претседателот на Советот за статистика на РМ; генералниот директор на МТВ.

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека Фатмир Дехари, поднел оставка на функцијата заменик министер за внатрешни работи.

Бидејќи, согласно член 111 од Деловникот на Собранието, секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието може да ја образложи оставката во траење од 15 минути, писмено побарав од господинот Фатмир Дехари дали има намера да ја образложи оставката.

До овој момент не сум известен дека г-динот Фатмир Дехари има намера да ја образложи оставката.

Констатирам дека на г-динот Фатмир Дехари, му престанува функцијата заменик на министерот за внатрешни работи.

Претседателот на Владата на Република Македонија ме извести дека Џеладин Шатку, поднел оставка на функцијата заменик министер за внатрешни работи.

Бидејќи, согласно член 111 од Деловникот на Собранието, секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието може да ја образложи оставката во траење од 15 минути, писмено побарав од господинот Џеладин Шатку дали има намера да ја образложи оставката.

До овој момент не сум известен дека г-динот Фатмир Дехари има намера да ја образложи оставката.

Констатирам дека на г-динот Џеладин Шатклу, му престанува функцијата заменик на министерот за внатрешни работи.

Владата на Република Македонија,согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Нема присутен претставник на Владата за тоа прашање.

Владата на РМ согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот Вij е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата, овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Немам преставник од Владата.

За законот за индустриска сопственост дали им преставник од Владата?

Нема преставник од Владата.

За радиодифузна дејност има ли преставник од Владата?

Нема преставник од Владата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на судија на Уставниот суд на РМ.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба, предлогот да се разгледа на оваа седница.

Има зборт г-динот Љубчо Јордановски.

ЉУБЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Итноста произлегува од потребата да се докомплетира персоналниот состав на Уставниот суд. Затоа предлагаме на оваа седница да се стави на дневен ред изборот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, предлогот да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 69 за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве потсетувам дека на 24-та седница на Собранието одлучивме Предлогот на Републичкиот судски совет за избор на судија на Уставниот суд на РМ да биде разгледан заедно со Предлогот на комисијата, за прашања на изборите и именувањата, за избор на судија на Уставниот суд на РМ, на оваа седница.

За тоа не гласаме.

Претставникот на Владата за законот за платен промет е тука, па го молам да ја образложи потребата, овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница. Значи само за потребите.

Повелете.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Со оглед на тоа што овој закон е врзан со одредени рокови, од аспект на времето кое што денес изминува, во смисла на тоа акцептните налози кои се издадени и кои важат до 30 јуји 2003 година, предлагаме измени и дополнувања на Законот за платен промет, во смисла на заштита на доверителите, акцептните налози кои се издадени, а кои имаат и понатамошен рок на извршување од 30 јуни, останат до нивното извршување. Другите измени во Законот за платен промет се определени допрецизирања. Меѓутоа, овој рок треба да го испочитуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 за, 4 воздржани и 6 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 172 од Деловникот предлага, Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, да се разгледа на оваа седница во скратени рокови.

Предлогот за донесување на закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата, овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор г-динот Илија Филиповски, министер за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се работи за доработка, а може би и сосема нов концепт на Законот за трговски друштва. Работат експерти од Правниот факултет, заедно со Министерството за економија, врз основа во соработка со експерти од ЕУ, и експерти од САД. Очекуваме тој нов закон да биде готов некаде до месец септември да се најде во собраниска процедура. Од тие причини предлагаме продолжување на важноста на досегашниот закон кој е во сила до крајот на годината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата законот да се донесе во скратени рокови, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 62 за, 5 воздржани и 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон, да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата законот да се донесе по скратени рокови на оваа седница.

Има збор г-динот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Од истите причини, заради усогласување со нормите на ЕУ, предлагаме овој закон по скратена постапка да се донесе и со тоа да се продолжи важноста на постојниот закон до крајот на годината, бидејќи сме во изработка на нов концепт на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ве повикувам да гласаме за предлогот овој закон да се донесе во скратени рокови.

Гласале 73 пратеници, 64 за, 7 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дненвиот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на претседател и членови на координативното тело за спроведување на Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи за легализација на оружјето.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Го молам претседателот на Комисијата да ја образложи итната и неодложна потреба, предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Комисијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Итноста произлегува од самиот закон и термините кои се дефинирани во тој закон.

Откако законот стапи во сила треба да поминат 15 дена за да се избере координативното тело.

Комисијата во тој рок ја изврши својата задача. Сега Собранието е на ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 58 за, и 6 воздржани.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Љупчо Јордановски, предлага дненвот ред на оваа сеедница да се дополни со предлог на одлука за огласување и именување на заменик виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Битола, предлог одлука за огласување и именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Радовиш и Предлог на одлука за огласување и именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Гостивар и Куманово.

Предлогот на одлуките Ви се доставнеи.

Го молам пратеникот Љупчо Јордановски, да ја образложи итната и неодложна потреба, предлозите на овие одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи поминаа веќе два месеци откако беа избрани поголем број на јавни обвинители, останаа упразнети пет места, кои не беа избрани минатиот пат, а Комисијата односно Собранието го распишува конкурсот за нив. Затоа ние како Комисија сметавме дека е потребно тие места да се пополнат и сега предлагаме да се распишаат такви конкурси.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Љупчо Јордановски, предлогот на одлуката за огласување и именување заменик на вишиот јавен обвинител на вишото јавно обвинителство во Битола го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 63 за, и 9 воздржани.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Јордановски е усвоен.

Предлогот на г-динот Љупчо Јордановски, предлог на одлука за огласување и именување на јавнио обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 59 за, и 8 воздржани.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Љупчо Јордановски е усвоен.

Предлогот на пратеникот Љупчо Јореановски, предлог на одлука за огласување и именување заменици на основни јавни обвинители на о сновни јавни обвинителства во Гостивар и Куманово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 59 гласале за и 10 воздржани. Констатирам дека предлогот на пратеникот Јордановски е усвоен.

Пратеникот Зоран Томиќ, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбата во подрачјата загрозени од водите на реката Вардар и водотеците во тетовскиот регион.

Исто така дневниот ред на оваа седница а се дополни со истата информација, предлагаат пратениците Хисни Шаќири, Рафиз Алити, Ејуп Рустеми, Абдулаќим Адеми и Недим Мемишовски.

Исто така предлогот го достави и Комисиајта за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Информацијата Ви е доставена.

го молам пратеникот Зоран Томиќ да ја образложи итната и неодложна потреба, Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Итноста произлегува од последиците предизвикани од поплавите и се разбира се она што произлезе како штета, токму по поплавите.

Мислам дека и Комисијта за земјоделие и другите предлагачи ја разбираат потребата од итноста на оваа седница да се разгледа по Информацијата, особено што Владата нвистина презеде мерки во значителен дел да се поправат штетните последици, меѓутоа, има и Предлог на заклучоци кои навистина треба да се спроведат, така што итноста ја гледам токму во тој дел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 63 за, 4 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Мите Николов, го повлече барањето за давање на автентично толкување на член 30 став 1 и 2 од Законот за данокот на додадена вредност.

Точката се симнува од дненвиот ред.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет;

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за дополнување на царинскиот закон, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за начинот и постапката на исплатувње на депонираните девизни влогови на граѓаните по кој гарант е Република Македонија, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта на РМ за реализација на проектот на патишта меѓу Европската банка за обвнова и развој и Фондот за меѓистрани и регионални патишта на РМ за реализација на Проектот на патишта 2 - обиколници околу Скопје, и Смоквица Ѓевгелија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пределот, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Факултативниот протокол кон конвенцијата за елиминација на сите видови на сите форми на дискриминација врз жените, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на деца во вооружени конфликти, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот на Светската организација за интлектуална сопственост за авторки права, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот на Светската организација за интелектуална сопственост за изведбите и фонограмите, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на БиХ, за соработка во областа на културата, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платен промет, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за индустриската сопственост, со Предлог на закон;

23. Предлог  на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2002 година;

24. Нацрт на закон за Народнот правобранител;

25. Барање за давање автентично толкување на член 95 од Законот за локална самоуправа поднесено од градоначалникот на општина Кратово;

26. Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;

27. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

28. Предлози за избор на судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип;

29. Предлози за избор на судии на основните судови во скопје 1 - Скопје, Прилеп, глостивар, Тетово, Струга, Крива Паланка, и Радовиш;

30. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Координативното тело за спроведување на Законот зџа доброволно предавање и собирање огнено оружје, миниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето;

31. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Охрид:

32. Предлог на одлука за огласување именување заменик на Бившиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Битола;

33. Предлог на одлука за огласување именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Радовиш;

34. Предлог на одлука за огласување и именување заменици на основните јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Гостивар и Куманово;

35. Информација за потреба од основање комисија за утврдување на судбината на киднапирани и исчезнати лица во Република Македонија;

36. Извештај за работа на Советот за статистика на Република Македонија за поериодот април 2002 - март 2003 година; 37. Извештај за работа на

Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за периодот март 2002 - март 2003 година;

38. Информација за состојбата во подрачјата загрозени од водите на реката Вардар и водотеците во Тетовскиот регион.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот на дневен ред?

Господин Шаќири.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Господине претседател, почитувани пратеници, ние од последната средба што ја имавме со министерот за култура како парламентарна група дојдовме до заклучок , на една средба што ја имавме со министерот дека ќе ги координираме сите работи околу законот, со цел на пленарната седница на парламентот да немаме големи разлики, туку како партнери во коалицијата на Владата, секогаш да се оди кон тоа работите да се координираат во рамките на работните групи и во парламентот да доаѓаат така како што треба. Затоа предлагам законот да се симне од дневен ред од оваа седница а да биде на дневен ред на наредната седница на парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немаме претставник од Министерството за култура кој би се изјаснил дали го повлекува или не законот.

Минуваме на гласање.

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Хисни Шаќири, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за култура, со Предлог на закон, да се симне од дневен ред на оваа седница.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 68 пратеници гласале за, 5 воздржани и 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што оваа седница се дополни со повеќе точки на дневен ред, би побарале во иднина да се оди кон тоа дополнувањето на седницата со нови точки, да биде што помалку.

Инаку, конкретно барам Републичкиот судски совет со оглед на тоа што беше во дополнувањето на дневниот ред односно дневниот ред се дополни со оваа точка, а беше ставен сега од вас како предлог за втора точка од дневниот ред, барам да биде ставена како последна точка од оваа седница, бидејќи, како што реков

дневниот ред беше дополнет сега со оваа точка, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ беа подготвени по оваа точка да дискутираат подоцна ај поради тоа што тука го немаме претставникот на Републичкиот судски совет, значи тука не е присутен претседателот на РСС, барам оваа точка да биде ставена како последна точка од дневниот ред на оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе го ставиме на гласање предлогот, се разбира. Меѓутоа, претставник по законот во Владата, бидејќи Владата е предлагач, не е Судскиот совет. Тоа треба да се има предвид.

Го ставам на гласање предлогот на г-динот Трајановски, точката 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за републичкиот судски совет да биде последна точка на дневен ред.

Ве молам да се изјасниме за предлогот.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 21.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се обидуваме два пати да добиеме некоја точка на дневен ред за состојбите во Електростопанство на Република Македонија. Мислам дека во моментот е најактуелната состојба која што се случува во државата после некои збиднувања од безбедносната сфера. Јас би бисакал уште еднаш и би замолил до Комисијата за економија поднесено е барање, министерот за економија мислам дека беше присутен тука г-динот Филиповски, да се изготви комплетна информација за работењето на Електростопанство на Македонија и да се постави на дневен ред на една седница на Собранието, да ги разгледаме сите аспекти од работењето на Електростопанство. Се разбира, тука пред се би сакал да се разгледа ова последното, бркањето на луѓето од работа, се работи за 1100 луѓе, се работи за судбина на наши граѓани и не можеме така да поминеме бегло преку сето ова. Затоа би замолил Владата што е можне во пократок рок да изготви информација и за наредната седница да имаме поставено тука да разговараме за Електростопанство на Македонија. Мислам дека ова е веќе трет пат, два пати е одбиено. Замолувам уште еднаш Владата што побрзо да ја изготви информацијата за да можеме да ја поставиме на дневен ред како точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Давате предлог, или апелирате до Владата. Значи, давате предлог.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Предлог, а исто и апел, затоа што и г-динот Караџовски имаше побарано но доставено му е наместо како одговор од Влада, како одговор на пратеничко прашање и врз основа на таа информација не можеме да разговараме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали Владата се согласува да изготви информација каква што г-динот Мавровски бара за наредната седница?

Дали Владата се согласува доставениот одговор на пратеничко прашање на г-динот Караџоски да го третира како информација и со неа да настапи на наредната седница како точка на дневен ред.

ХАРИ КОСТОВ:

До Владата беше доставено барањето за одговор на пратеничко прашање и така беше одговорено. Владата прифаќа за наредната седница освен пратеничкото прашање да ја дополни и докомплетира информацијата и со целокупните нови моменти кои што беа до вчерашниот ден. За наредната седница на Собранието ќе доставиме и комплетирана информација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барањето е прифатено за наредната седница.

Јас ќе ја ставам информацијата на првата наредна седница откако ќе го добијам барањето.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас би побарал сега ако може точка на дневен ред и на оваа седница доколку нормално прифати Владата, а тука го гледам и претставникот на Министерството за внатрешни работи, значи министерот. Би побарал Владата да достави еден извештај по однос на политичко-безбедносната состојба во Република Македонија, а особено со последниот настан кој што се случи во Скопје со поставените бомби од страна на одредени терористички групи. И ако тој извештај министерот е спремен да го поднесе и на оваа седница, би предложил да биде како посебна точка , а доколку му е потребно време, писмено да го достави.

Меѓутоа, ако е спремен и усно да го каже како извештај, ние можеме да го сослушаме и да отвориме расправа. Тогаш, пред се би барал дали министерот се сложува на оваа седница да расправаме, ако не, тогаш би барал еден комплетен извештај па нека биде тоа и за наредна седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барате информација, или извештај?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали Владата се согласува да изготви извештај за безбедносната ситуација во Република Македонија?  Имате две барања. Господине Караџоски, нема барање алтернативно. Имате барање за ставање на точка на дневен ред, или имате барање за излагање на господинот Хари Костов. Тоа се различни работи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега на оваа седница ако е спремен министерот да даде извештај и усно, ние би прифатиле и усно. Ако не е спремен, прво, би сакал да слушнам дали министерот е спремен , или не, тогаш писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не може министерот да се обраќа усмено, или писмено на Собранието без да утврдиме точка на дневен ред на Собранието.

Господине Костова, дали можете за оваа седница да подготвите писмен извештај за безбедносната ситуација во Република Македонија, со цел да се уврсти на дневен ред?

ХАРИ КОСТОВ:

Господине претседателе, јас сум спремен. Меѓутоа, мислам дека Собранието расправа само врз основа на некои писмени материјали, а не врз основа на некој кој што ќе му текне како да се постави и да се дискутира. Ако беше само за дискусија

можеше вчера да се добие, и ПРЕС конференција од МВР во кои меѓу другите точки имаше повеќе и околу последните настани експлозиите во Скопје.

Меѓутоа, и процедурата е таква дека оваа информација што ние би ја направиле, или извештај, како да се нарече, иако е повеќе информација, би требало да биде разгледана и на седница на Владата. Мојот предлог е ако може тоа да биде за наредната седница на Собранието. Меѓутоа, доколку пратениците изгласаат, сакаат тоа да биде и во текот на денешнава седница, ако таа продолжи и за утре, тогаш можеме да ви доставиме информација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На оваа седница не можеме да гласаме без предлог на писмен материјал. Можеме да гласаме точка на која вие усмено би реферирале. Тоа вие не го прифативте и предлагате на наредна седница да доставите писмена информација.

Господине Караџоски дали се согласувате, или инсистирате за усмено реферирање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се согласувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, очекуваме информација за наредната седница на Собранието.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки друг не бара збор, го заклучувам претресот по дневниот ред и предложениот дневен ред го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, 71 за, 3 воздржани и 10 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Преминуваме на точката 1 - Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.**

Владата на Република Македонија во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија, поднесе Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на Владата на Република Макеоднија и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Образложение по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на РМ ќе поднесе претставник на Владата на Република Македонија г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе бидам краток, затоа што сите знаете дека оваа иницијатива за неполни два месеци е веќе втор пат пред Собранието на РМ. При минатата иницијатива знаете дека и покрај подршката што ја имаше оваа иницијатива за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ја доби подршката во сите парламентарни комисии, меѓутоа, на самиот чин на гласањето на седницата на Собранието не го доби потребното мнозинство. Со оглед на тоа дека не постојат никакви уставни ниту законски пречки околу поставувањето на оваа иницијатива и во пократок рок на оваа седница на Собранието ние најавивме, рековме како Влада на Република Македонија дека таа иницијатива ќе ја поставуваме се' додека не го добие потребното мнозинство, затоа што според наше мислење е битно од две главни причини. Едното е околу обврската на усогласување на законодавството на РМ со законодавството на ЕУ. И впрочем како обврска која произлегува од извештајот за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и во оваа година и во минатата година и фактички е една од оние обврски кои би требало да ја завршиме во текот на годината.

Втората причина е што со промената на член 17 од Уставот на РМ се создава законска основа врз основа на одредена постапка во судот да се користат специјални истражни средства кои оценуваме дека ќе придонесат значително во борбата и на МВР и на обвинителствата и на судството против сите овие појави на организиран криминал на определени терористички акции како што спомна и пратеникот Караџоски кои ги имавме и во текот на неделата во главниот град на Република Македонија. Според тоа, оценуваме дека оние инструменти кои со измената на член 17 од Уставот и со носењето на законите потоа ќе создадат солидна основа за поголема ефикасност на овие институции во борбата против организираниот криминал, тероризмот, трговијата со луѓе, оружје, дрога и т.н.

Минатиот пат како што реков оваа иницијатива не го доби потребното мнозинство пред Собранието на РМ. Јас и минатиот пат истакнав дека Законот кој што произлегува од евентуалната измена на член 17 од Уставот на РМ веќе беше подготвен во работна верзија, меѓутоа не ни беше намерата да го делиме тоа пред пратениците на Република Македонија за да не се разбере како некој притисок од Владата, или од МВР, да се гласа за амандманот, значи пред да биде извршена

измената на Уставот на РМ, некој да не мисли дека по тој основ законот сега се пушта во некоја друга процедура. Бидејки тоа беше една од забелешките на дел од пратениците на минатата седница на Собранието, во текот на минатата недела, односно пред минатата недела во МВР се одржа еден поширок состанок на кој беа присутени претставници од скоро сите политички партии кои се застапени во Парламентот на РМ, а исто така и определен број на стручњаци кои се бават со оваа проблематика. Имавме состанок и со претставници на ВМРО-ДПМНЕ, со новиот претседател на ВМРО-ДПМНЕ на кој што во основа се согласивме дека оваа иницијатива и пристапување кон промена на член 17 од Уставот на РМ е неопходност и дека има подршка и од партијата ВМРО-ДПМНЕ. Фактички се согласивме дека законот кој ќе произлезе врз основа на евентуалната промена на член 17, односно законот работно насловен, законот за следење на комуникациите ја има цврстата гаранција од МВР и од Владата на РМ дека тој закон нема да биде поднесен до Собранието за  во постапка на усвојување се до тогаш додека и најголемата опозициона партија во овој период, или во било кој нареден , па и секои идни измени , евентуални идни измени на тој закон нема да се вршат без целосен консензус на политичките партии кои што да речеме во тој период би биле опозиција и т.н. Според тоа и во текот на минатата недела и оваа недела веќе работна група од Министерството за внатрешни работи и претставници и од таа партија, па и други стручњаци работат на законот. Иако за законот ќе мора да  почекаме соодветна процедура низ постапката која што е потребна за измена на Уставот за конкретно нова формулација на член 17. Според тоа мислам дека  околу тој закон ќе имаме време, иако уште еднаш повторувам, постои целосна спремност самото донесување на законот и било кои идни измени , евентуални идни измени на законот да се носат само во согласност со, да не речам сите политички партии кога ќе речат дека: немаме забелешки на ниту еден член од тој закон. Според тоа , можеби претерав со тоа што повеќе се задржав, фактички на идниот чекор на носењето на законот отколку на самото образложување на иницијативата за промена на Уставот. Меѓутоа, со оглед на тоа дека фактички  тоа е основната пречка  и дека иницијативата беше повеќе образложена минатиот пат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова .

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитувани колеги пратеници, претставници на Влада, почитуван министре, мојата денешна дискусија по оваа точка на дневен ред е афирмативна и во знак на подршка на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот . Оваа точка во релативно краток временски период повторно е на дневен ред пред пратениците во Собранието што укажува на сериозноста и важноста на Предлогот како и неопходноста од пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија. Потребата од пристапување кон измени на Уставот е веќе доволно елаборирана од страна на Владата како предлагач, од страна на министерот како претставник на предлагачот, од страна на дискутантите кои учествуваа во претресот по оваа точка која беше на дневен ред како што ви е познато на една од претходните седници, а особено од консензуалната оценка на сите членови на работните тела на Собранието без разлика на политичката определба за неопходноста од пристапување кон измени на Уставот. Но, сепак, да потсетам на следното, во Република Македонија постои општ политички консензус за пристапување на РМ во членство на Европската Унија. Во зајакнувањето на својата позиција во процесот на приближување на РМ до членството на ЕУ основна обврска е усогласување на нашето законодавство со Европското, а особено отстранување на законските институционалните и политичките слабости во борбата со организираниот криминал, корупцијата, трговијата со луѓе, трговијата со дрога, нелегалната миграција, безбедноста на границите. Во врска со напред споменатото на 12 декември 2000 година Република Македонија ја потпиша Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал со дополнителните протоколи. Целта на потпишувањето на Конвенцијата и со дополнителните протоколи е да се унапреди и да се направи ефикасна соработка за превенција и борба против транснационалниот организиран криминал. Согласно со член 20 од Конвенцијата каде се регулирани специјалните истражни техники секоја држава членка ако е дозволено според основните принципи на нејзиниот домашен правен систем според нејзините можности и под услови пропишани со нејзиното домашно право ќе превземе неопходни мерки за да дозволи соодветна употреба на контролирана испорака и каде тоа е соодветна за употреба на други специјални истражни техники како што се електронското или други форми на набљудување и прикриени операции од нејзините компетентни органи на нејзината територија заради ефикасно сузбивање на организираниот криминал.

Меѓутоа, органите на кривичниот прогон во нашата држава со уставната одредба на член 17 се лимитирани во употребата на специјални истражни техники, со што и нема уставно правен основ за имплементација на конвенцијата. Посебно треба да се укаже дека оваа одредба е недоволно јасна и прецизна и сето ова оневожможува ефикасна борба против организираниот криминал и корупција, а ова е општ консензус на сите политички партии и е предуслов за влез во Европската Унија, воедно и препорака која што произлезе од неодамна оджаниот состанок на Европскиот совет на ЕУ во Солун.

За надминување на ваквата состојба неопходно е пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, поточно на член 17 од Уставот на Република Македонија. Со измената на член 17 од Уставот ќе се создаде уставен основ за примена на специјални истражни постапки, како што се следење и прислушкување врз основа на судска одлука и под услови и постапка пропишани со закон заради заштита на државните интереси и заради ефикасна борба против организираниот криминал. Со измените на член 17 ќе се создаде уставен основ за донесување на посебен закон за следење на комуникациите, што ќе претставува цврста правна рамка за условите и постапката за следење на комуникациите од страна на органите на безбедноста, врз основа на судска одлука, а со цел да се избегне можноста од злоупотреба на приватноста, која што досега често пати се случуваше.

Од сето напред искажано, а особено ценејќи ја декларираната конструктивност и сериозност на опозицијата да ја поддржува власта во одлуките кои се од општ национален државен интерес, очекувам дека предлогот за пристапување кон Уставот овој пат ќе биде едногласно прифатен.

На крајот сакам да истакнам дека најважно е во претстојниот период целата енергија и стручност да ја насочиме во изработка и донесување на квалитетен закон за следење на комуникациите, во кој ќе вградиме и компаративни искуства од другите европски држави, со цел прецизно и јасно да се утврдат условите и постапката за примена на современите специјални истражни техники како гаранција за елиминирање на можни злоупотреби од било која сегашна или идна власт. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници, претставници на Владата, дами и господа.

Ние во ВМРО-ДПМНЕ сме целосно свесни од потребата за донсување на оваа законска односно уставна измена и на законите што следуваат и во основа генерално кажано ние би го поддржале овој предлог. Своевремено ВМРО-ДПМНЕ иницираше една ваква измена на Уставот свесни дека борбата против тероризмот,не само во светот, уште повеќе на Балканот и во Република Македонија е сериозна задача за секоја влада и успехот во една таква борба директно зависи од инструментите кои што ги има секоја власт пред себе за борба против ова големо човечко зло. Меѓутоа, имајќи ги предвид однесувањата на сегашната власт во однос на борбата против криминалот и корупцијата, која што дефинитивно прерасна во селективна борба исклучиво против членови на поранешната владеачка гарнитура, имајќи  ја предвид бруталноста во, би рекол, пресметката со опозицијата преку превезот на борба против криминал и корупција, во ВМРО-ДПМНЕ постои едно стравување од можна злоупотреба на менувањето на Уставот и на законите што следуваат. Оттука, ние како партија и како пратеничка група ќе инсистираме на максимална заштита на граѓаните, на политичарите, на новинарите и на сите оние кои што не би требало да се најдат под призмата на овој закон односно како предмет на прислушкување. За такво нешто беа одржани неколку состаноци со претставници на Владата, од пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, а лично и јас се вклучив во тие разговори, при што имав една средба со министерот Костов. Она што за нас е прифатливо и она што би го прифатиле е јавната изјава на господинот Хари Костов дека Законот за следење на лица и другите закони што треба да бидат сменети после уставната измена, ќе бидат донесени во консултација и со заедничко прифаќање на Законот, не само на партиите кои што се на власт, туку и на најголемата опозициона партија.

Во овој контекст, со целиот респект на господинот Костов ние би побарале и во самиот устав во уставната измена да се внесе дека Законот за следење на лица или незнам точно како се викаше, да биде третиран во Уставот како Закон за кој што е потребно двотретинско мнозинство, како заштита дека во иднина нема да се случи некаков преседан со кој што ќе бидат загрозени правата и слободата на граѓаните во Република Македонија, а посебно јавните личности кои најмногу се изложени на ваков вид на притисоци. Ние неможеме да предвидиме што ќе се

случува во иднина, кој министер ќе биде за внатрешни работи која влада ќе доаѓа и какви не грешки можат да се случат во политиката. Оттука, не само заради заштита на ВМРО-ДПМНЕ, не само заради заштита на партиите во опозиција, туку и заради заштита на сите политички субјекти, на сите граѓани, новинари и тн., кои би можеле да бидат потенцијален предмет на прислушкување. Би било добро Парламентот да изгради еден механизам на заштита кој што ќе значи двотретинско мнозинство да биде потребно за донесување односно изменување на законите кои што ја следат оваа проблематика. Мислам, дека има одредена логика и нема да биде одбиоено. Инаку, точно е тоа дека претставници од ВМРО-ДПМНЕ, веројатно и од други партии веќе извршија првични дискусии по однос на законите кои што следуваат после уставната измена и јас се надевам дека по тоа прашање ќе продолжиме да имаме констртуктивен однос и дека пред гласањето за конечна измена на Уставот, веќе ќе го имаме усогласено законот, особено Законот за следење на лица и практично ќе можеме да објавиме усогласената верзија, како не би имало никаков простор за сомневање. Под едни вакви услови, со една целосна позитивна енергија и пристап кон ова прашање, кое што, ќе спомнам уште еднаш ВМРО-ДПМНЕ своевремено го покрена. Македонија прифати неколку конвенции меѓународни поврзани со ова прашање и со борбата против тероризмот, под еднакви околности ние сигурно би ја поддржале понатамошната измена на Уставот. Бидејќи денес зборуваме само за иницијатива, за покренување на пристапување односно предлог за пристапување кон измена на Уставот, што претставува на некој начин и иницијатива по кој што ќе следува јавна расправа. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денешната предлог иницијатива за пристапување кон промена на Уставот на Република Македонија, членот 17 е пред се, неопходност односно резултат на неопходноста и потребата за ограничување на тајноста на сите видови општења и комуникација, доколку за тоа има потреба и доколку тоа е неопходно, поради заштитата на интересите на Република Македонија, откривање на кривични дела, водење на кривичната постапка и тн. Исто така, тоа е во случај, доколку тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија. Ова е

многу битен момент, затоа што со ваквата уставна измена и во судските постапки би се овозможило користење на доказите, кои би биле прибирани од надлежните институции по пат на специјални истражни методи, со специјални истражни средства преку кои би се спроведувале овие уставни измени и со тоа би се користеле пред судските органи како доказ, како валидни докази во овие наведени податоци. Со тоа, исто така, би се зголемила ефикасноста на судството односно би се довело до забрзување на водењето на судските предмети. Со оваа уставна измена, всушност, со иницијативата би се утврдил уставен основ, уставна рамка за примена на наведените, со оглед на новите технологии во развојот на телекомуникациите, новите истражни и специјални методи и средства кои ќе придонесат за следење на комуникациите. Се разбира, сето тоа, во строго определена постапка со одлука односно со дозвола од надлежен суд. Исто така, неопходно е наведените измени да се спроведуваат секогаш во строго односно истите да се операционализираат во строго определени законски рамки. Оваа измена на Уставот, како што беше кажано, има свое значење бидејќи се прави усогласување со европските директиви на Европската Унија и европското законодавство, како и согласност кон Европската конвенција за човекови права.

Со измените се наметнува потреба односно се врши разграничување, што е многу битно, помеѓу јавниот односно државниот интерес и приватниот интерес односно приватноста на граѓаните. Практично, со овие уставни измени и законот кој ќе следи понатаму за следење на комуникациите, треба да се елиминираат сите евентуални можности од секакви злоупотреби при примената на мерки надвор од загарантиранаите законски рамки, односно максимална заштита на индивидуалните човекови права и слободи. Како што беше кажано понатаму после донесувањето на измената на Уставот ќе следи посебен закон, кој предвидува одговорност, конкретна одговорност за непочитување на процедурата за примена на овие истражни мерки. Имено, точно ќе се знае кој кога и како ќе може да посегне односно да ги користи овие механизми. Ова е многу битно. затоа што нашата намера е, независно од тоа кој е на власт или во моментот кој е министер, да има сигурност, пред се, за граѓаните, меѓутоа, довие истражни мерки само да се користат исклучиво во интерес на зачувување на државните интереси односно откривање или заштита односно превенција од случување на тешки кривични дела и други форми на тежок криминал.

Опозицијата, како опозиција го даде јавно овде во Парламентот и претходно во Уставната комисија ја даде својата поддршка  дека ќе се заложи да се

имплементираат овие уставни измени. Тоа беше кажано. Меѓутоа, иако не е предмет на дискусија, сепак, треба да се постави прашањето со оглед на тоа што опозицијата во повеќе наврати потенцираше и се гордееше со тоа дека во нејзино време била иницирана постапка за промена на Уставот, но факт е дека тоа не се случи. Затоа, го поставувам прашањето дали опозицијата доколку не е во опозиција исто вака ќе размислува. Бидејќи, имаа шанса да го направат тоа, сепак, факт е дека не го направија. Веројатно, раководени од потребата да ги злоупотребуваат овие механизми за следење на комуникациите, како што тоа го направија во 2001 година со аферата Големо уво. Кога сме веќе кај опозицијата, треба да се напомене дека токму благодарение на опозицијата оваа Предлог-иницијатива во Парламентот се гласа по втор пат. За жал, се изгуби драгоцено време, бидејќи ние сите се залагаме и опозицијата се декларира дека сака побрзо да ги следиме сите оние усогласувања кои водат кон подобрување на нашето законодавство и усоглассување со европското законодавство. Како причина за негласањето првиот пат опозицијата го наведе барањето дека требало истовремено да се донсе односно да се расправа за најавениот закон за следење на комуникациите, кој ќе значи имплементирање на оваа уставна одредба. Меѓутоа, процедурата е таква што, за жал не може по тој редослед да се одвиваат работите и навистина беше изненадувачи непринципиелниот однос, бидејќи претходно во првиот наврат на четири собраниски комисии јавно беше дадена поддршката, потоа беше иницијативата од нивна страна повлечена. Бидејќи, најпрво, треба да се обезбеди уставната рамка, а потоа следи донесување на закон. Во овој контекст претставникот на Владата тоа го кажа. Беше кажано и на расправата во Уставната комисија дека намерата на Владата и на Министерството за внатрешни работи е крајно сериозна и искрена и за тоа говори фактот дека во ова прашање е веќе на некој начин покренато и иако сеуште е во прва фаза, треба да следи јавна расправа, па нацрт-верзија додека да се дојде до промена на имплементирање на ова уставно начело, сепак и во оваа фаза се разговара и се работи конкретен текст на најавениот закон, кој опозицијата толку долго го бараше. Владата пристапи отворено и искрено и верувам деа тие гаранции држат и дека без согласност на опозицијата, што е секако добро за интересите на сите граѓани функционирањето на институциите, ваков закон без целосна согласност нема да биде донесен. Тоа, Владата и Собранието остануваат на зборот, бидејќи како што кажа и опозицијата веќе контакти и консултации по однос на работниот текст се направени. И, тоа не е спорно, меѓутоа, сепак на крајот ќе

потенцирам дека во првиот наврат кога опозицијата даде поддршка не гласаше. Таквиот потег беше крајно несерипозен, неодговорен и лицемерен. Несериозен затоа што тоа не беше во корист на државните интереси за кои се залага и опозицијата. Значи беше контрадикторно, контрадикторна е нивната постапка. Понатаму, беше неодговорно, затоа што се изгуби драгоцено време и повторно се губи време овде во расправата и лицемерно, затоа што поддршката беше јавно дадена на собраниските комисии, па потао опозицијата се пишманеше, а притоа велејќи односно вадејќи се дека не е консултирана во процесот на донесување на законот, што е крајно парадоксално бидејќи и пред да го кажат тоа дека не се консултирани, тие јавно ја дадоа поддршката.

Меѓутоа, како и да е, добро е, тие ветија, имаа општа согласност и тоа ево секој случај позитивно и за поздравување. Таквата одлука е одлична и ние го поздравуваме позитивното гласање односно изјаснувањето на опозицијата дека ќе ја поддржи измената на Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставниви на Владата, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми сосема кусо да го изнесам своето видување по оваа многу важна точка од денешниов дневен ред пред нас, за многу краток временски период по втор пат се наоѓа, а тоа покажува само важност за прашањето што треба да се разреши преку пристапување на измени на Уставот на Република Македонија.

Во центарот на вниманието на секоја демократски устроена земја е човекот и неговите слободи и права што се неприкосновени. Секое посегнување по тие основни демократски придобивки претставува грубо прекршување на низа меѓународни конвенции. За да се афирмира, унапредуваат и негуваат човековите права и слободи, секоја земја мора да развива одбранбени механизми за контрола на сивата зона во своето општество.

На почеток сме на векот што е означен како век на техниката и технологијата. Новите технички-технолошки достигнувања не се само во благородна

функција за доброто на човекот, туку многу често се предмет на злоупотреба од страна на криминогените делови што постојат во секое општество.

Сведоци сме на значителен порас на криминалитетот, пред се на организираниот криминал, недозволената трговија со оружје, со дрога, трговија со луѓе, криумчарење, перење на пари, современи облици на шпиунажа, тероризмот. Сето тоа деструктивно и на социјален и на економски план на секоја држава. Ја разорува националната економија и ја подрива безбедноста и одбраната на државата. Ова се повеќе од доволни причини да се употребат сите релевантни и контролни механизми во борба против ова современо зло. Тоа ја наметнува неопходната потреба сите софистицирани надгледувачки средства да се стават во функциа на државата и безбедносните служби. Секако дека тоа треба да се направи по утврдена процедура, дефинирана во законски проект за условите и постапката за следење на комуникациите. Само на тој начин ќе се избегнат, односно ќе се сведат на минимум реалните претпоставки за можна злоупотреба на правото на приватност на граѓаните.

Меѓутоа, за да донесеме таков закон, претходно треба да овозможиме уставни претпоставки. Затоа е и неопходно да пристапиме кон измена на Уставот односно кон измена на членот 17, со кој што се уредуваат основните вредности на уставниот поредок поврзани со гарантирањето на правата и слободите на човекот и граѓанинот.

Потребата од измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија произлегува од неговата недореченост и конфузност. Ставот 2 од членот 17 овозможува отстапување од начелото на тајност на писмата, не само со одлука на судот, туку ако е тоа неопходно за вршење на кривична постапка или ако тоа го бараат интересите на одбраната на Републиката. Мораме да признаеме дека, во најмала рака, ова се проблематични формулации што оставаат многу простор за волонтаризам или злоупотреба.

Од друга страна, вака формулираниот член 17 не дава основ за формулирање на закон, за донесување закон како цврста правна рамка со која што строго ќе се дефинира процедурата за можно прекршување на тајноста на комуникациите со писма.

Сето ова, а имајќи го предвид искуството на останатите европски земји дадени во Предлогот доставен од Владата, повеќе од јасно е дека ако сакаме нашите безбедносни структури во поглед на ефикасноста на работата да бидат на нивото на своите колеги од останатите европски земји, неопходна е потребата да им

создадеме услови за користење на сите софистицирани средства за следење на сите видови на комуникации. Секако, по строго утврдено и со посебен закон санкционирана процедура. Едноставно, времето во кое живееме тоа неизоставно го бара.

Впрочем, таков е ставот на сите релевантни структури во нашата земја што се најмногу упатени и повикани да се произнесат по ова важно прашање.

Јас ја разбирам воздржаноста на колегите од опозицијата по однос на овој проект. Нивните дискусии јасно покажаа дека не е спорно аргументацијата и потребата од пристапувањето кон уставните промени. Но, треба да се премости недовербата по однос на можните злоупотреби на правото на следење на сите видови комуникации од страна на безбедносните структури, мотивирани од позиција на дневно-политички или дневно партиски интереси. Меѓутоа, нелегализирањето на, грубо кажано прислушкувањето во минатото воопшто не ги заштити граѓаните на Република Македонија од упади во нивната интима. Напротив.

Затоа, ако сакаме да бидеме демократски и проевропски ориентирана, пред се правна држава тогаш ќе мораме така и да се однесуваме. Ќе мораме да ги гледаме проблемите во нивната суштина и според нив да ги проектираме законите, а не да ги гледаме според теснопартиска или претпоставена документација. На наиту еден политички субјект не му е загарантирана позиција на власт, па според тоа така треба и да се однесуваме. Секој да е свесен за својата одговорност и своите постапки. Во спротивност, како држава уште долго време ќе останема заглавени во балканскиот примитивизам.

Почитувани пратеници,

Имајќи го предвид сето искажано до сега, целосно ќе го поддржам предлогот за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија. Истовремено ме радува промената на односот или на ставот на опозицијата што оди во насока на суштинско разрешување на проблемите во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе.

Пред да пристапам кон моето излагање во врска со оваа точка од дневниот ред, сакам сосема на кратко да реплицирам на г. Кондарко кој на многу невкусен начин изрече еден куп лаги, невистини во врска со изгласувањето, односно неизгласувањето на членот 17, првиот пат, на Уставот на Република Македонија.

Со тој чин едноставно сакавме да кажеме и да потсетиме дека со изгласувањето на тој Закон за Републички судски совет, во тој момент, едноставно сакавме да потсетиме на она што значи тотална недемократија, затоа што со изгласувањето на тој закон едноставно имаме една целосна партизација на правосудниот систем. Од тие причини во тој момент ние не гласавме. Сега, кога веќе се договоривме околу тие работи, мислам дека во овој момент од негова страна беше невкусно да потсетува на некои работи за кои што веќе постои определен договор.

Репликата, на кратко, беше за тоа. Сега ќе пристапам кон дискусија кон точката од дневниот ред.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

На денешнава седница пред пратениците на Собранието на Република Македонија, Владата, согласно своите уставни овластувања, по втор пат го поднесе Предлогот за пристапување кон измена на еден, по своето значење и по својата суштина многу значаен член на Уставот на Република Македонија, а тоа е членот 17.

Во овој член од Уставот на Република Македонија всушност е вградена една уставна одредба што во својата содаржина има вградено таков механизам со помош на кој е гарантирано правото на отповреда на едно многу есенцијално и суптилно право на секој граѓанин на Република Македонија, а тоа е правото за гаранција на неповредливоста на тајната на писмата, како и сите видови комуникација, што пак од друга страна значи апсолутна и без исклучок уставна забрана за навлегување во сверата на приватниот живот и забрана на нарушување на она што значи интима и интимен живот на граѓаните на Република Македонија.

Во оваа пригода сакам да потсетам дека ваквото право, т.е. слободата на тајноста на писмата и сите други облици на општење и комуникација, како елементарно право, всушност го содржат и сите европски устави, да не кажам и пошироко во светот и се смета дека тоа е една од темелните придобивки на човекот, извојувани во борбата за слобода на неговата интима.

Анализирајќи ја содржината на членот 17 од Уставот на Република Македонија, ќе утврдиме дека предмет на ова право што извира од оваа уставна

одредба не се само затворените пратки и писма упатени до определени лица, туку тоа се и другите средства за општење и комуникации, а што се продукт и рефлексија на модерните придобивки на техничко-технолошкиот развој, на достигнувањата во науката. Пред се тоа се телефонските разговори, магнетофонските говори и снимки, видеофоните, фотографиите и приватните филмски ленти и друго.

Значи, членот 17 одУставот на Република Македонија не опфаќа само забрана за отворање на писма и други затворени пратки, освен за лицата на кои се упатени тие пратки, туку тоа значи и забрана на преслушкување на телефонски разговори, на сите други облици на комуникации и општења што се предмет, продукт на модерната научна технологија. Меѓутоа, сакам да потенцирам дека ваквиот апсолутен карактер на оваа уставна одредба, т.е. нејзината стриктна примена во определени ситуации може да биде злоупотребена на тој начин што ќе се искористи или може да се искористи за подготвување, за вршење или прикривање определени кривични дела или пак за нарушување на безбедноста и одбранбената моќ на државата.

Во такви ситуации и во такви услови Уставот на Република Македонија предвидел дека може да биде злоупотребена на тој начин што ќе се искористи или може да се искористи за подготвување, вршење или прикривање на определени кривични дела или пак за нарушување на безбедноста на одбранбената моќ на државата. Во такви ситуации и во такви услови Уставот на Република Македонија предвидел дека може и треба да има отстапување од апсолутниот карактер на ова начело, од причини што вредностите што се повредуваат или ќе се повредат се многу позначајни, од повитален интерес за државата отколку што е неповредливоста на вредностите што се штитат со членот 17 од Уставот на Република Македонија, а тоа е тајноста на писмата и другите средства за комуникација.

Значи, во такви услови и во такви околности Уставот предвидува дека со закон се допушта можноста и тоа врз основа на судска одлука да се отстапи од оваа гаранција. Тие случаи се рестриктивни, т.е. во случај да се во прашање поединци или групи за кои постои основано сомневање дека се вмешани во извршувањето на некое кривично дело или ако се во прашање дејствија или активности што ја доведуваат во прашање безбедноста и одбраната во државата.

Ова пак, од своја страна значи дека со една нејасна артикулирана формулација т.е. без постоење на експлицитен уставен основ и отсуство на цврста законска правна рамка примената на членот 17 од Уставот на Република Македонија од страна на државните органи, одбранбените и безбедносни сили и служби во

многу ќе се усложни, предизвикувајќи повеќе дилеми. Пред се, кои кривични дела ќе бидат предмет на опсервација од страна на истражните органи со примената на членот 17 од Уставот на Република Македонија, затоа што е можно и постои опасност од изговор за постоење на основано сомневање за сторено кривично дело, ан блок да се прислушкуваат сите граѓани, односно надлежните органи да обезбедат формално-правно покритие со злоупотреба на оваа уставна одредба, затоа што основната уставна одредба е доста воопштена. Поради тоа е потребно нејзина измена. Значи, ќе биде потребно со закон, што ќе има свое покритие во Уставот, точно да се определи кои кривични дела можат да се опсервираат со примената на членот 17 од Уставот на Република Македонија.

Потоа, потребно е да се определи, т.е. точно да се утврди постапката што ќе се применува, почнувајќи од налогот за прислушкување, до реализацијата на тоа прислушкување. Потоа, кој ќе биде овластен предлагач и налогодавец за прислушкувањето, имајќи го предвид спектарот на кривични дела што можат да бидат на удар на прислушкувањето. Потоа со каква техника и кој ќе го врши прислушкувањето и многу други дилеми што ќе треба да се разрешат и нормално, да се стават во една правна рамка како гаранција од евентуалните злоупотреби на оваа уставна одредба.

Покрај горе наведените причини потребата за измена на членот 17 од Уставот на Република Македонија како и донесувањето на посебен закон за услови и постапка за следење на комуникациите на граѓаните, секако дека произлегува и ја наметнува потребата од хармонизација на нашето законодавство со законодавството на ЕУ, поради што, лично сметам, треба да се имаат предвид уставните законски решенија како и праксата од западно европските демократии и држави кои ја регулираат оваа материја.

Исто така, во нашето законодавство ќе мора да ги имплементираме и одредбите од меѓународните конвенции и договори на Унијата, посебно на Европската конвенција за човекови права.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Имајќи предвид дека се работи за една многу чувствителна, сензибилна материја, тоа е навлегување во приватниот живот и нарушување на интимата на човекот, нормално, под услови предвидени со Уставот и законот сметам дека треба да бидеме максимално претпазливи, особено во процесот на изградбата и определувањето на правната регулатива, имајќи ги притоа предвид сите можни

моменти што можат негативно да влијаат и да се рефлектираат по оваа најчувствителна тема на секое човеково битие.

Со новото уставно решение, како и со законската регулатива што ќе следи, затоа што старата е доста непрецизна, мораме стрикно да определиме кои дејствија претставуваат закана за одбраната на државата и уставниот поредок, а кои активности значат загрозување на безбедноста.

Понатаму, дали секое основано сомневање за сторено кривично дело може да го покрене механизмот на прислушкување и во кои случаеви за водење на кривична постапка може да има отстапување од загарантираното право во членот 17 од Уставот на Република Македонија.

Значи, секаја непрецизност во оваа свера во рамките на законот и правната регулатива може да значи отворање простор за волонтаризам и злоупотреба од страна на субјектите што треба под определени услови и околности да отстапуваат од стрикното спроведување на оваа уставна норма.

Исто така, сакам да потенцирам дека ние имавме случаи на прислушкување, некаде оправдано, некаде неоправдано, кои што случувања ја брануваа македонската јавност од осамостојувањето до денес. Затоа мораме да обезбедиме стрикна регулатива и механизми со кои што ќе се оневозможи злоупотребата на прислушкувањето, а како што реков под изговор за некакво основано сомневање за сторено кривично дело или пак за водење на кривична постапка или пак дека тоа е, наводно, го бара одбрана и безбедносните услови.

Од друга страна, мораме да ги имаме предвид постоењето на терористички банди, криминални групи опремени со многу софистицирани средства за комуникација, што верувам дека ги немаат ниту во Државната безбедност, државните безбедносни структури што се занимаваат со шверз на оружје, дрога, бело робје и многу други инкриминирани дејанија, а поради што се отвораат многу нелегални прекугранични канали, притоа загрозувајќи ја безбедноста на Република Македонија.

Затоа, од сето погоре речено, ќе го дадам гласот за поддршка на измената на членот 17 од Уставот на Република Македонија и воедно, препорачувам со законот за следење на комуникациите да се опфати поширок спектар на кривични дела што ќе бидат предмет на обработка, како што се шверцот со дрога, со оружје, проституција и други кривични дела, што ја загрузуваат одбраната и безбедноста на државата, притоа вклучувајќи ги и сите дејствија и акти на тероризам, што ги имаме на претек во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Тасев, рековте оправдани и неоправдани. Додека е забрането со Устав, нема оправдани прислушкувања, нели. Зошто ако во Парламентот ги поделиме на оправдани и неоправдани, тогаш даваме пас на Министерството да го почитува тоа.

Само како забелешка. Додека е забрането со Устав, нема оправдано.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Кога прислушкувањето е извршено по пат на судска одлука тоа е оправдано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Меѓутоа ни судот не може да донесе одлука, доколку е забрането со Уставот.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Имавме во дадени ситуации кога со налог на судот можеше да се врши прислушкување. Според тоа се оправдани ситуации. Меѓутоа имаше и неоправдани, па во таа конотација беше и мојата дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тогаш се разликуваме во пристапот. Ако има можност судот оправдано, тогаш не ни треба амандман.

Има збор г. Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани дами и господо пратеници, почитуван министре, претставници на Владата,

Се разбира, многу малку време на почетокот ќе одвојам, би рекол дури и една реченица да го повторам, значи не да го кажам, да го повторам ставот на пратеничката група на Либерално демократската партија која што се согласува да се

пристапи кон измена на Уставот или ако сакате да се пристапи конечно кон допрецизирање на регулативата што ја објаснува општењето односно комуникацијата на граѓаните.

После првичниот став дека навистина е лошо што оваа исклучително битна точка, овој исклучително битен проект го гледаме по втор пат и дека губиме драгоцено време во онаа битка против организираниот криминал, против корупцијата за која што сите овде како пратеници од сите парламентарни групи се согласивме, сметам дека има навистина една добра работа што го гледаме по втор пат. Значи, освен лошото има и нешто добро.

Имено, судбината што ја доживеа предлогот, исврли на површина несомнено извесни недостатоци што сеуште постојат во функционирањето на парламентарната демократија во Република Македонија или ако сакате во она што се нарекува начин на кој што ние нејзе ја практикуваме односно ја резонираме.

Мислам дека можат генерално да се извлечат две поуки: една поука да извлече опозицијата, една поука да извлече парламентарното мнозинство, односно Владата на Република Македонија. За секого по една поука.

Опозицијата, прво, покажа како не треба да се работи за оваа точка во Парламентот на Република Македонија. Покажа што значи да се работи во корист на сопствената штета, или ако сакате што е уште полошо во корист на штетата на интересите на граѓаните на Република Македонија, односно на Државата Република Македонија. Покажа што значи всушност, со една апсолутно погрешно избрана стратегија, политичка, да се губат а не да се добијат политички поени на политичката сцена во Република Македонија или, ако сакате да се постигне автогол, без разлика дали автоголот го дава новиот центафор или новиот бек во фудбалската екипа на ВМРО-ДПМНЕ.

Три работи перманентно слушаме од првиот ден кога се конституиравме овде во Парламентот, три работи:

Првата е дека конечно после 12 години во Република Македонија добивме конструктивна опозиција, што е многу добро. Апсолутно се радувам што ние конечно добивме конструктивна опозиција.

Второ, слушаме дека таа конструктивна опозиција ја поддржува борбата против организираниот криминал, против корупцијата во Република Македонија.

Трета работа што ја слушаме на секоја седница, без разлика за која точка се работи, дали за економија, за спорт, за култура, слушаме дека опозицијата

ќе ги поддржува сите точки што ја третираат националната, односно државните интереси.

Токму овој предлог ги содржеше сите овие три компоненти. Меѓутоа, опозицијата не даде поддршка. Се разбира, опозицијата потоа доби заслужена критика, многу брзо, веднаш од домашната јавност, мошне брзо потоа од меѓународната јавност и еве денеска имаме еден став што го поздравувам, а тоа е да конечно и опозицијата ќе го изгласа овој предлог.

Мораме да разбереме и како позиција дека освен првото правило што значи апсолутно контрола на работата на Владата, ако сакате и на парламентарното мнозинство, второто правило е многу јасно. Тоа значи дека опозицијата не учествува во власта, но учествува во политичкиот процес на донесување на одлуки, што значи во законодавниот дом, а со тоа и политичка одговорност за состојбите во државата.

Она што е најважно што може да се каже дека е извлечена поука, нас може сите како пратеници односно како граѓани на Република Македонија да не радува.

Втората поука треба да ја извлечеме ние како парламентарно мнозинство, ако сакате и како Влада. Јас можам да зборувам за пратеничката група на ЛДП односно јас како координатор на Пратеничката група. Очигледно нешто недостасува во односот власт - опозиција - парламентарно мнозинство, парламентарна опозиција. Се виде и се докажа потребата опозицијата прво да биде константно, второ директно информирана за проектите што ги планира Владата, уште повеќе ако ги третира како сите овде милуваме да кажеме точките ги допира оние кои ја засегаат националната односно државниот интерес посебно ако се обидуваме да пристапиме кон измена на Уставот. Не може опозицијата за ваков сериозен проект, ваков сериозен предлог да дознава од медиумите или да дознава од службите во Собранието на Република Македонија. Дали имам јас тоа да го кажам, јас си го земам ова право да го кажам овде, бидејќи доаѓам од една пратеничка група на една политичка партија која има дебел опозиционен стаж подебел и од ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ. Сме држеле мал милион прес конференции, изјави, трибини, жалејќи се за односот на власта кон опозицијата. Сега би било апсолутно некоректно, доколку ние сега на ова замижиме. Сега кога сме во можност и конечно дојдовме до можност да бидеме во власта на Република Македонија да го поправиме тој однос и власта секогаш директно и континуирано да ја информира опозицијата за своите проекти. Јас незнам зошто во Парламентот сеуште не функционира претседателството кое треба да биде составено од

претседателот на Парламентот, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи и сигурно овие состојби ако не би се одбегнале во целост, барем би се надминале.

Почитувани дами и господа пратеници, нашето секојдневно комуницирање на парламентарната демократија очигледно сеуште има недостатоци, јас би ве замолил од овие мои критики или уште поточно кажано самокритики ги разберете најдобронамерно, јас единствено сакав да укажам на потребата ние да комуницираме многу поредовно, а се во интерес на граѓаните на Република Македонија односно во интерес на државата.

Овој состав го има највисокиот рејтин од сите досегашни состави на Парламентот. Овој состав со конструктивна работа на опозицијата со многу, многу конструктивна работа на парламентарното мнозинство може да биде и најдобриот парламентарен состав до сега во историјата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, само да ги почитуваме сите парламентарни состави вклучувајќи ги од 1990 година до денес, со полн респект.

Има збор господинот Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Владата,

Пред да кажам нешто за Уставот, сакам да им се заблагодарам на колегите пратеници од позицијата најмалку да земат збор да не советуваат и да не поучуваат. Сметам дека ние доволно знаеме што правиме и сметам дека секој пратеник знае што правиме. Не ни треба школување во Парламентот, ние сме дошле доволно школувани овде.

По однос на предлогот даден од Владата, кој е по втор пат пред Парламентот како и поранешниот, така и сега, го потврдува тоа што го зборува позицијата дека причините наведени за измените постојат и има потреба да се пристапи кон изменување на Уставот на членот 17 став 2.

Нашите забелешки како опозиција се малку поинакви. Ние гледаме како во иднина ќе функционира таквата измена, за жал, се разликуваме од позицијата, позицијата гледа како да задоволи на потребите, на барањата на Европа, на Европската заедница која бара да интервенираме во Уставот.

Јас како и поранешниот пат што кажав, ќе кажам дека оваа интервенција во Уставот е малку и не може само со една интервенција во Уставот да се дозволи на дел од суштествените права на граѓаните кои се загарантирани со Уставот да се навлезе во истите, да бидат прислушкувани, проверувани писма или било кои други начини на општење да биде под контрола. Тоа е многу малку и малку е што тоа би го правела полицијата. Сетоа ова што ќе биде преземено и направено по овие измени може да застане до еден степен или до полиција каква ќе биде натамошната соработка со судовите, а исто така воопшто не стои местото на јавниот обвинител, затоа што органите за внатрешни работи не можат ништо директно да бараат на суд, туку тоа треба да го бараат преку обвинителството.

Од тие причини неспорно е, ние ќе дадеме таква дозвола на опозицијата, но е неопходно ако сакаме да ја заштитиме државата и оваа измена биде од корист за Република Македонија, власта односно Владата до сега не покажа таков слух или чека некоја интервенција од Европа да каже каде да се интервенира во Уставот. Неминовно е паралелно со ова да се интервенира во Уставот за измени на Уставот, во поставеноста на судството и обвинителството.

Судството и обвинителството за сега се на прилично долга скала, недоволно ги извршуваат работите, а причините за тоа се што сепак овие органи не се независни и самостојни, како што е дефинирано во Уставот, туку тие се и те како зависни од власта и тоа од Парламентот и Владата.

Ако сакаме независно судство, мора да се интервенира во Уставот и навистина да го направиме тоа независна, паралелна, силна власт која ќе може да води постапки против нас овде или по било кој друг избран функционер од Парламентот или од Владата, без да му затрепери срцето или раката дасли ќе потпише такво нешто, инаку за сега во судовите оние предмети кои се од витално значење стојат по пет - 10 години не решени, а што да кажеме за извршните предмети.

Моја препорака би била неминовно до пред одење на одмори да се поведе иницијатива дали од Владата или од Комисијата за уставни прашања за интервенција во Уставот и во овие сегменти, измена односно положбата на судовите, положбата на јавните обвинители, а неопходна е потребата и за интервенирање во повеќе други закони. Немојте да се занесуваме дека со овој закон што го гледвме во Министерството дека е решено се по однос на измените кои сега се предлагаат во Уставот. Таму е многу малку и тој закон може да претрпи големи измени додека да помине на Парламент, бидејќи во него се решаваат како

материјалот, така и процесното право што не може во тој закон да стои така. Неопходна е интервенција во Законот за кривична постапка, неопходна е интервенција во Кривичниот законик за кој слушнав дека се работи, да се дефинираат кривични дела, а уште повеќе би сугерирал при предлагањето на измени на овој став да се дефинира што е тоа што треба да биде подвргнато на контрола кое право е забрането со Уставот општењето на граѓаните и во кој степен, бидејќи за сега во Уставот стои дека се посегнува само таму каде одредени граѓани го загрозуваат државниот интерес или одбраната на Републиката. Кои се тие дела? Мора да стои дефинирано во Уставот, не можеме да оставиме таква слобода, може да правиме чуда во носењето на законите доколку, како што и овој закон позицијата бара со 2/3 мнозинство, а тоа по Уставот е со просто мнозинство, со присутен број на пратеници повеќе од нив да гласаат за законот, или повеќе од 41, тогаш можат да се прават чуда, грешки, во понатамошното работење на судството и да правиме повреди на граѓаните што еден ден овие луѓе кои ќе посегнат по тие права истите луѓе потоа да бидат прогонувани по две, три, четири, пет години, затоа што секој ќе има право да преиспита дали било основано или неосновано прислушкувано.

Треба појави дефиниции во измените, а исто така комплетна обработка на сите закони кои навлегуваат во овој проблем, така што измените на Кривичниот закон, Кривичната постапка како и Законот за судството и на крајот сите да дојдат на една седница кога би имале една целина, корпус на сите закони кои ќе бидат поврзани еден со друг и целосно решено прашање.

Ви благодарам на вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Манев.

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Еве веќе втор пат расправаме за предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, односно поконкретно за измена на членот 17 со која се воведуваат, односно ќе се воведат таканаречените специјални истражни мерки со правосуден вокабулар, односно оперативно - технички мерки со полицискиот вокабулар.

Бидејќи втор пат расправаме, а во интерес на што побрзо усвојување односно пристапување кон измените на Уставот, усвојување на овој предлог, со оваа дискусија ќе бидам сосема кус.

На минатата расправа укажав на пторебата од донесување на закон кој прецисно ќе ја регулира постапката и таксативно ќе ги предвиди случаевите на примена на овие специјални истражни мерки, но и времетраењето на овие мерки.

Исто така, напоменав дека се неопходни измени не само во законодавството во смисла на донесување на закон кој ќе го регулира следењето, односно прислушкувањето и следењето на другите облици на комуникација, туку и на измените на Кривичниот закон и на Законот за кривична постапка. Добро е што деновиве гледаме во јавноста дека преовлада овој став, дека и покрај донесувањето на овој закон неопходни се измени и во Законот за кривична постапка и донесување на соодветен кривичен закон со цел што покомплексно да се уреди оваа материја и да не се доведеме во состојба во судските постапки, во истражните постапки, во предистражните постапки да имаме дирекна примена на Уставот која може да создаде низа правни недоразбирасња, низа нормативни проблеми, па дури и правен хаос.

Ова затоа почитувани пратеници потребата од борбата против тешките форми на организираниот криминал не треба да бидат во конфликт со личните права и слободи на граѓаните и неговата приватност. Добро е што за оваа измена, односно за овој предлог постои консензус на опозицијата и позицијата, но исто така почитувани колеги неопходно е да се обезбеди што поширока поддршка од јавноста и од граѓаните. Затоа што моќта и правото за одлучување за вака важно прашање не може да биде монопол само на власта и на опозицијата.

Имаме три фази за конечно усвојување на овој Устав и во таа смисла сметам дека има време да поработиме на тоа да ги убедиме и граѓаните и јавноста дека примената на овие мерки нема да бидат во конфликт со личните права и слободи на граѓанинот.

Примената на овие мерки треба да се сфати не само од репресивен аспект односно од гонење и изнаоѓање на сторители на трешки кривични дела, туку и од превентивен аспект како фактор кој ќе влијае на намалување на тешките форми на организираниот криминал.

Во оваа прилика би го цитирал големиот мислител Џон Стјуард Мил кој пред повеќе од еден век кажал дека задача на секоја власт е не само да го пронаоѓа и казнува сторителот на кривичното дело, туку и да го спречи сторувањето на

кривичното дело. Затоа сметам дека ефектите од примената на оваа мерка ќе биде повеќестрана, односно повеќедимензионална и не само што ќе помогне да се откријат сторителите на кривичните дела, туку ќе влијае и на намалувањето на овие кривични дела.

По однос на евентуалната злоупотреба на примена на овие мерки, мислам дека ако законот биде донесен како што се залагаме сите со консензус на позицијата и опозицијата, дека евентуалната злоупотреба во примената на овие меркки ќе биде сведена на минимум, бидејќи би било илузија да очекуваме дека никогаш нема да има злопотреба во примената на овие мерки. Но, се разбира, проследено со остри кривични санкции за оние кои го слоупотребуваат односно кој ќез ги злоупотребат во иднина применувањето на овие мерки.

Јас сметам исто така дека надлежните органи Министерството за внатрешни работи, Обвинителството, но и правосудството, при примената на овие мерки не смеат исклучиво да се потпираат во доказната и истражната постапка на овие мерки или премногу да се потпираат затоа што може да дојде до нивно олабавување, како на надлежните органи во Министерството за внатрешни работи, така и на Обвинителството, судството и да не ги постигнеме саканите ефекти со самата примена на овие мерки односно со уставните измени и овие мерки треба да се сфатат како комбинирани во еден поширок комплекс во примена на разни други мерки, а во судска постапка и во комбинација со други докази, со цел да го дадат вистинскиот ефект.

На крајот ќе кажам дека како и минатиот пат и како повеќето пратеници ќе гласам за овој предлог и го подржувам пристапувањето кон измената на Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници од Владата,

Се надевам дека овој пат по оваа иницијатива на Владата на Република Македонија ќе има резултат и ќе ги добие потребните гласови.

Со неколку збора ќе се обидам, почитувајќи го и времето на пратениците, да бидам пократок и поконкретен несакајќи да го повторам тоа што го реков првиот пат и тоа што сум го рекол на комисиите.

Сите знаеме дека тајноста на писмата и другите средства за комуникација подразбираат или опфаќаат едно начело според кое никој нема право да знае, покрај тие на кои се адресирани или насочени.

Ова право е гарантирано со сите устави во светот, затоа што се смета дека без ова право не може да има и слободна личност.

Постојат некои општествени интереси кои во некои случаи исклучуваат или на еден начин го ограничуваат ова право. Во оваа насока дејствува и Уставот на Република Македонија кој предвидува можност на ограничување на ова начело, начелото на тајноста на писмото и тоа само под одредени услови и со одредена одлука од судот. Првенствено исклучок од ова начело Уставот на Република Македонија прави исклучок кога е неопходно да се иницира кривична постапка и ако тоа го бараат интересите за одбраната на државата. Ваквиот начин во дефинирањето на Уставот не ја дозволува можноста за донесување на еден закон со кој ќе се направи операционализација на оваа уставна норма, затоа што не предвидува можност на донесување на еден чин или акт, или законски акти кои на конкретен начин ќе го регулира Уставот и постапката за следењето на комуникацијата. Сите устави во Европа, опфаќајќи го и Уставот на Албанија претставуваат една таква можност. Вака е и со меѓународните конвенции врз правата и слободите на човекот и јас посебно би ја потенцирал Европската конвенција за слободата и правата на човекот во член 8 алинеја 2, каде што се предвидува можност за донесување на еден законски акт со кој ќе се предвидат услови и постапки за следењето на комуникациите.

Јас како пратеник од ДУИ ќе гласам за овој предло иако лично мислам дека законот кој ќе следи по овие измени треба на дециден начин да ги регулираат условите кога може да се направи начинот на следењето на комуникациите, како и рокот кога може да се направи ова следење. Чувањето на информациите кои ќе се земат од следењето на комуникациите и посебно би потенцирал за надзорот на законитоста и ограничувањата на злоупотребите кои можат да следат од следењето на комуникаците.

На кра, сите знаеме дека следењето на средствата за комуникации постоеле и во минатото иако немало закон со кој се легитимирало ова следење. Практиката покажува дека такви следења постоеле. Овие следења се правени дали врз функционери или врз обични граѓани, без оглед на нивната етничка припадност.

Посебно би го потенцирал следењето на средствата за комуникација врз албанците, а да не зборуваме за обичните граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Јашари.

За збор се јави господинот Чедомир Краљевски.

Ги молам пратениците што се надвор од салата да влезат, како и претставникот на Владата да влезе во салата.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги денес се наоѓаме пред една одлука да пристапиме кон измена на Уставот на Република Македонија односно да пристапиме кон промена на член 17 од Уставот на Република Макеоднија кој регулира една материја што значи заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот во сферата на комуникациите.

Имено, нашиот Устав дозволува само во еден сегмент од комуникациите меѓу граѓаните, поточно во сегментот на писмената комуникација меѓу граѓаните да може органите за безбедност, за прогон и судските органи да навлезат во таа сфера на човековите слободи и права и да ги користат писмените материјали со кои комуницираат граѓаните во кривична постапка по доказ, односно како основ за покренување на некакво обвинение.

Наша обврска според меѓународните конвенции, на кои сме и ние потписници и кои ова Собрание ги има ратификувано во борбата против организираниот криминал и тероризам и Република Македонија да пристапи како иден соствен дел, а сега географски составен дел на Европската Унија и да придонесе во меѓународната борба и да даде свој придонес во елиминирањето на тоа зло на современото општество.

Неспорно е дека ова е со консензус прифатено од сите политички структури во Република Македонија и дека ние ќе пристапиме кон постапката за промена на Уставот, односно на членот 17 од Уставот на РМ.

Меѓутоа, исто така неспорно е од друга страна дека на овој начин длабоко се задира во сферата на институциите на системот во слободите и правата на човекот и граѓанинот. Од таа причина ние мораме да бидеме внимателни во пристапот кон изградбата на регулативата што ќе го овозможи влијанието на институциите односно на Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, како и судството во задирањето на таа сфера на човековите односи односно се навлегува со дозвола

на државата во интимата на човекот, бидејќи секое прислушкување покрај позитивните ефекти што ќе ги добие од тоа државата во функција на промена и во функција на елиминирање на тероризмот и организираниот криминал може да предизвика и многу други несакани ефекти што длабоко ги тангираат човековите чувства и односите внатре во семејството во општеството на секој човек поединец.

Од тие причини, а и од причини на можна злоупотреба во политичка смисла од политички структури како што се можеби некои и идни парламентарни мнозинства, идни политички манипулаци на некои идни министри за внатрешни работи, за некои идни субјекти кои ќе бидат вклучени во сферата на комуникациите меѓу граѓаните, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инсистира да се вметне уште во сегашната фаза односно во заклучокот што ќе го донесе ова Собрание како акт на Собранието за пристапување кон промена на Уставот, да се вметне услов што го поставува опозицијата. Ако тој услов го прифати и позицијата тогаш неспорно ќе биде со консензус тој услов донесен. Во понатамошната фаза на донесување односно на пристапување кон промена на !членот 17 да се вметне условот сите закони што ќе ја регулираат материјата во врска со следењето на комуникациите меу граѓаните да бидат носени со двотретинско мнозинство. На тој начин ќе се избегнат некои можни манипулации или можни злоупотреби на некое идно парламентарно мнозинство под влијание на некаков иден министер или на Влада да се менуваат законите што ја регулираат оваа сфера по нивна желба. Секогаш ќе биде тогаш опозицијата, или тогашната опозиција, значи оваа позиција работи во интерес и на некоја идна опозиција услов или гарант тоа двотретинско мнозинство не може да се пристапи кон злоупотреба или кон брзо менување на законите што ја регулираат оваа сфера.

Затоа инсистирам во заклучокот што денеска ќе го донесеме, а рековме дека ќе пристапиме и ќе гласаме позитивно кон промена на Уставот, да се вметне услов опозицијата уште денска предлага сите идни закони што ќе ја регулираат таа материја да бидат носени со двотретинско мнозинство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинто Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Овој предлог за промена на член 17 од Уставот на РМ по втор пат е на собраниска седница. Очигледно секоја промена на закон, па дури и на Устав во

смисла на прилагодување на нашето законодавство со европското треба да се поддржи и да се поздрави. Но, ние зошто не го поддржавме првиот пат, на првата седница би сакал да кажам.

Поради тоа што јасно кажавме дека се сомневаме во ладната демократија што ни ја нуди СДСМ и другите политички партии што се на власт во РМ.

Исто така сметаме дека судството сеуште не е независно т.е. е зависно со оглед на начинот на изборот и разрешувањето на судиите во РМ, како што сака позицијата, како таа ќе ги изгласа во Парламентот на РМ и не е проблем лесно да се добие налог за следење или за прислушкување на било кој граѓанин во РМ доколку инсистира оној што ќе ги избере тие судии.

Исто така ние бевме воздржани, т.е. не сакавме да го поддржиме овој предлог со оглед на тоа што со изборот на Републичкиот судски совет, т.е. со промената на Законто за Републичкиот судски совет се направи упад во судството на РМ и се повреди Уставот на РМ.

Исто така за злоупотреба на институтот притвор, селективно пристрасно само кон членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ или пак оние кои што беа на раководни места во времето кога беше претходната власт.

Меѓутоа, ние овој предлог ќе го поддржиме поради неколку причини и тоа:

Прво, прилагодување на нашето законодавство кон европското. Со ова сакаме да дадеме придонес кон борбата против криминалот и тероризмот за што во Република Македонија во последните години нема ден и ноќ да нема некој инцидент или екцес.

Исто така сакаме да дадеме придонес кон безбедноста во Република Македонија бидејќи со ова сметаме дека ќе се овозможи да се спречи дестабилицацијата во РМ. Да покажеме дека навистина нашата перспективност не е лажна, како што сакаат да ја прикажат одредени пратеници од СДСМ особено господинот Кондарко кој што 90% од неговиот говор беше упатен на опозицијата зошто таа не го прифатила пристапувањето кон измената на овој член на претходната седница на Парламентот.

Исто така сакаме да кажеме дека го прифаќаме поради тоа што се договоривме со позицијата дека таа треба да соработува со опозицијата во изготвувањето на законот за следење поради што во ВМРО-ДПМНЕ е направен експертски тим кој ќе треба да работи со предлагачите на овој закон. Се надевам дека овој закон ќе биде усогласен со опозицијата пред да дојде предлогот на амандманот на седница на Собранието на Република Македонија.

Исто така сметаме дека ќе се прифати нашата сугестија во предлогот на амандманот, и во анексот и во нацртот на амандманот да се стави клаузула со која што ќе се каже дека законот за следење ќе биде донесен со двотретинско мнозинство во Парламентот на РМ.

Со тоа сакаме опозицијата да влијае во донесувањето и на промената на законот за следење и прислушкување, да се намали неговата злоупотреба, со тоа што ќе треба поголемо мнозинство и притоа да се воведе нов начин за донесување на значајни закони за прислушкување и следење во Република Македонија.

Ние ќе го поддржиме предлогот за пристапување кон измена на членот 17 на Уставот на РМ во првата фаза. Се надевам дека нашите забелешки ќе бидат прифатени во нацртот на амандманот во втората фаза. Исто така се надеваме дека ќе биде усогласен законот за следење пред донесувањето на предлогот на амандманот во трета фаза и со тоа сметаме дека ќе биде квалитетно внесена измена на член 17 од Уставот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Не е спорна оваа иницијатива со предлог за пристапување кон измена на член 17 од Уставот на Република Македонија ниту пак тоа што сака да се укине со оваа иницијатива. Спорно е што зародишот на самата иницијатива таа е интерфектна, се дефинира само целта без да се согледа организацијата, функцијата и контролниот механизам како треба оваа измена на член 17 од Уставот на Република Македонија, која што по својата суштина треба да биде проектна задача која сеопфатно ќе ги опфати сите оние цели, функции, организации. Бидејќи тоа не е така направено од самиот зародиш оваа иницијатива сигурно во своите постапки ќе донесе многу недоследности кои на крајот на краиштата ќе се реперкуираат во целокупната постапка за донесување на законот, во постапката за следење на комуникациите кои ќе бидат несоодветно поддржани и од институциите кои што треба тоа да го спроведуваат, а и од законските норми кои што тоа треба да го санкционираат.

Спомнато е тоа што ние во РМ од денот на независноста до денес имавме кршење и злоупотреба на овластувањето за она што значи на чело на повредливост на тајноста на општење. Притоа перфектноста на законите кои што ја третираат оваа област, Законот за кривична постапка, Кривичниот законик и други, како и покрај јавните афери за кои што и на собраниската говорница се дискутираше од три парламентарни состави, она што беше од господинот Црвенковски 2001 година, што покажува дека поради нелегитимна употреба на ова право или злоупотреба на ова право немавме законска можност или правна волја да го преточиме во казнена мерка за луѓе кои што се огрешиле и кои што ја злоупотребиле функцијата на општењето на граѓаните на Република Македонија.

Во устројствата на современите држави во Европа, а ние сме европска земја јасно стои дека институцијата на информацијата генерално е прифатена и скоро во сите устави во овластувањата за отстапување од начелото за праведливост на тајноста на општењето е во надлежност на судската власт. Кај нас со она што сега се случува во изминтатите години на независност иувереност на Република Македонија јасно е дека тоа во најмала рака е во судската власт, а и сега оваа иницијатива не дава на кој начин судската власт, со кои законски промени ние ќе имаме измена навистина на член 17 онака како што посакуваме. Значи во оние два основни принципи како што се утврдени во современите европски држави, принципот на сувереност, и уште едниот дел на таа сувереност е безбедноста и второ, принципот на човековите права и слободи да ја најдеме таа оптимална точка на разграничување и на грижа како за граѓаните на Република Македонија, така и за самата држава Република Македонија.

Од тука мислам дека прифатливо би било и покрај тоа што во три фази ќе го разгледуваме овој процес на измена на член 17 од Уставот на Република Македонија сите измени на законите што ќе бидат опфатени, покрај измената на членот 17 од Уставот на Република Македонија, да бидат опфатени сите институции и сите измени од законите што се поврзани со неповредливоста на тајноста на општењето на граѓаните на Република Македонија. Дури во еден таков контекст би можеле да се надеваме дека нема да ги повториме грешките од она што беше преточување и прелевање на сувереноста на државата и другите права и слободи, што ни се случи во 2001 година и со измена на членот 17 навистина одговорно и доследно како членови на Парламентот на Република Македонија ќе си ја завршиме работата и паралелно со законските проекти кои што ќе значат доследна

презентација на ова уставно начело и заштита на човековите права и слободи онака како што предвидуваат сите европски конвенции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Има збор г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Денешнава расправа очигледно дека повеќе ни одзеде време од Делот на она што ќе следи потоа за регулирањето на законот, особено во дискусиите на некои пратеници и добродојдена е таква дискусија, иако како што веќе реков, експертски групи и од Министерството за внатрешни работи имаа состаноци со повеќе политички партии и особено веќе се во тек и со претставниците на ВМРО-ДПМНЕ.

Жал ми е да кажам што можеби повторно денешнава иницијатива на некој начин се искористува да се пласираат повторно некои тези околу партиски прогони, злоупотреби на притвор итн. , јас уште еднаш би сакал да повторам МВР, ниту во една пријава нема буквално графа пишано дали некој е член или припадник на оваа или на онаа политичка партија. Министерството поднесува пријави само за оние, за кои што смета дека имаат доволно докази за извршени злоупотреби.

Според тоа, мислам дека не ни требаат, на пример за последниот случај што бреше да кажам повод и за прес конференција, па платени огласи итн., за купување на странски известувачи од страна на ВМРО - ДПМНЕ, ако немаат разбрано пријавата што МВР, иако се однесува за за 4 луѓе беше избрано само еден да се штити, меѓутоа, во самата пријава на МВР немаше предложено мерка притвор.

Според тоа, да не се мешаме што е работа на обвинителните органи, што е работа на судските органи и тн., и никаков начин, дали е тоа, не би требало тоа да се свати евентуално поблиската соработка или договор околу соработка на СДСМ и ВМРО - ДПМНЕ, или било која друга политичка партија дека било какво приближување или било каков договор ќе има влијание на начинот на работењето на МВР. Секаде каде што Министерството смета дека постојат доволно докази за покренување на соодветна постапка, ќе се покренува. И не би требало да се злоупотребуваат прашањата, наместо да се праша основното право прашање дали е факт дека има докази дека некој проневерил 28 - 30 милиона денари да се вадат

некои други тези. Меѓутоа, еве накратко да ја покажеме и конструктивноста од страна на Владата и тоа дека Владата нема никаква намера,. ниту овој член од Уставот на РМ, ниту законите кои потоа ќе следат, нема намера да ги употребува за некои свои цели, туку има намера да ги употребува, само во она што значи одбрана и безбедност. Еве денеска ви го презентираме ставот на Владата дека Владата е согласна, дека законто за следење на комуникации, како што е сега работно нсловен, кај другите закони кои би произлегле, иако тоа би можело да биде само во делот на кривичниот закон кој така регулира една постака од двотретинско мнозинство. Значи, законите кои ќе произлегуваат од членот 17, законот за следење на комуникациите, Владата прифаќа да се носи со двотретинско мнозинство. Дали тоа ќе го направиме во амандманот 18, на постојниот Устав, каде што се наведуваат сите закони кои што се носат со такво кваливикувано мнозинство, или пак дали тоа ќе биде предмет на регулирање со новиот амандман на членот 17 сега ќе оставиме да утврдат стручњаците и правниците од уставната материја, меѓутоа, јасно ви ја кажуваме определбата на Владата дека таквиот закон ќе биде носен со потребното двотретинско мнозинство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓата Ганка Самоилова - Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колку што ми е познато темата на дневниот ред е Предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ, а не дискусиите и темите на прес конференција на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините официјални партиски ставови. Мислам дека министерот Костов апсолутно ја промаши дискусијата со која пред малку зеде збор. Доколку има некои забелешки на нашите партиски ставови, на нашите платени соопштенија, тоа може дад го искаже на прес конференција, а не да ја злоупотребува собраниската говорница. Инаку навистина, за декларативните заложби, за борба против организираниот криминал и корупција, македонската јавност е доволно информирана и би сакале на истиот начин, како што се реагира со изрекувањето на мерка притвор за луѓе блиски до претходната Влада да се реагира на начин на еден актуелен министер во владата кој има кривична пријава за злоупотреба на 4 милиона евра, а кој денеска како што прашав е актуелен министер и колега на министерот Хари Костов. Тогаш кога ќе видиме изречена мерка притвор и за овој министер, навистина ќе поверуваме во заложбите на актуелната влада и нивната истрајност за борбата против организираниот криминал и корупција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас само накратко да кажам дека јас не ја промашив темата, туку токму напротив, јас се согласувам дека дискусијата денеска беше по иницијативата за пристапување на измена на Уставот на РМ, меѓутоа, токму напротив некој од претходните дискутанти ја искористија оваа иницијатива за наводни политички хајќи злоупотреби, па според тоа бев принуден накратко да одговорам. Инаку, министерството си имаше вчера прес конференција и ги кажа своите ставови за определени прашања кои беа покренати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема повеќе дискутанти.

Согласно со член 131 став 1 од Уставот на РМ, предлагам Собранието на РМ, да ја донесе следната одлука за пристапување кон измена на Уставот на РМ.

1. Се пристапува кон измена на Уставот на РМ,
2. Оваа одлука влегува во сила веднаш а ќе се објави во "Службен весник на РМ.
3. Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на РМ, се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ве молам службите да утврдат колку имаме присутни пратеници во салата.

92 пратеника се присутни.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Инаку, ова што господинот Краљевски го бараше може да е составен дел на нацртот кога ќе дојде, не може во оваа фаза.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 87 пратеника, 86 гласале за, и 1 воздржан.

Констатирам дека одлуката за пристапување кон измена на Уставот на РМ е донесена.

Врз основа на член 202, став 3 од Деловникот на Собранието на РМ, по повод донесување на одлуката за пристапување кон измена на Уставот на РМ, на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок.

1. Подносителот на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на РМ, во рок од 30 дена да подготви и на Собранието да му достави текст на Нацрт на амандманот 19, на Уставот на РМ.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на РМ.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 88 пратеници, 86 гласале за, а 2 се воздржале.

Никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенот заклучок.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Поради неправилното бодување, трансформации и упади во синдикатот на Електростопанство на Македонија, со што се суспендирани основните уставни човекови права на вработените, а јас се чувствувам како дел од нив. Во знак на протест ја напуштам денешната седница и им изразувам потполна поддршка на оние вработени кои според некои табели треба да го напуштат ЕСМ.

Воедно ги повикувам сите пратеници од Битола, без разлика дали се од опозиција или позиција, заедно да им ја дадеме поддршката на РЕК Битола, а воедно ги повикувам и градоначалникот, да се прилучи во одбрана на работничките права, како што тоа го направи во Лозар Битола и да  застане пред полициските кордони.

Се надевам дека ова ќе го направат сите пратеници, каде што се избрани во своите избирачки места.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точката 2.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет.

Предлогот на законот, дописот на претседателот на РМ, со кој известува дека согласно со член 75 став 3 од Уставот на РМ не го потпишал указот за прогласување на законот за изменување и дополнување на Законот за Репбулички судски совет, извештаите на работните тела ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе би сакал да Ве замолам ако може да ни дадете пауза во траење од 1 час, со оглед на тоа што по оваа точка од дневен ред беше

надополнета во дневниот ред меѓу последните, сега ја ставивте втора точка. Заради консултации и заради подготовка на нашите пратеници, барам да ни дадете пауза.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Барањето ќе го одбијам, затоа дополнета е пред 15 дена доставена до Вас.

Точно 15 дена има од кога сте известени. Известени сте на 10 јуни и на 9 јуни е дописот до Собранието препратен до Вас дека точката се дополнува, а денеска е 24. Образложението дека ви требаат консултации не можам да го прифатам, затоа што сметам дека не е искрено.

Има збор господинот Ристе Бислимовски.

РИСТЕ БИСЛИМОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре на Влада,

Потребата од изменување и дополнување на Законот за републичкиот судски совет, произлегува од нужноста за негово усогласување со амандманот ЏИВ, со кој се дополнува ставот 2 од членот 104 од Уставот на Република Македонија. Амандманот ЏИВ познато е дека произлезе од Охридскиот договор, за кој од неговите потписници и други политички субјекти како и од меѓународниот фактор постои силно изразена политичка волја за негово имплементирање. Значи настрана од потребата од изменување и дополнување на Законот за републичкиот судски совет.

Од досегашната постапка, иако Законот за изменување и дополнување на Законот на републичкиот судски совет, Собранието на Република Македонија го донесе за претседателот на Република Македонија истиот е спорен бидејќи е спротивен на уставната норма и дикција. Што се однесува до дикцијата на уставната норма, и воопшто на Уствните амандмани кои произлегоа од Охридскиот договор, сакам да потсетам на дикцијата која доминираше при обраќањето на пртседателот на РМ пред Собранието на РМ, по повод Предлогот за пристапувње кон измена на Уставот на РМ на седницата од 31.08.2001 година. Уверен сум дека таа дикција Ви е добро позната.

Почитувани пратеници, со измените и дополнувањата на Законот за РСС според моето мислење не се уредуваат прашања кои се спротивни на уставната норма и дикција напротив, врз основа од одредбите посебно врз основа на ставот 2, од членот 104, кој е дополнет со амандманот ЏИВ на Уставот на РМ, се предвидуваат решенија кои се реални и спроведливи.

Но, да почнам по ред:

1. РСС и понатаму го сочинуваат 7 членови, што ги избира Собранието на Република Македонија, од редот на познати и признати правници и откако ќе бидат избрани уживаат имунитет и нивната функција е неспојлива со вршење други јавни функции и неспојлива со членство во политички партии. Сето ова произлегува од членот 104 од Уставот на Република Македонија и измените во Законот во тој дел во целост се усогласени и неспорни.

Привидно останува отворено прашањето во врска со траењето на мандатот на членовите на РСС од 6 (шест) години односно неговиот континуитет. Би биле спорни решенијата од Законот доколку не постои Амандманот ЏИВ. Всушност токму амандманот ЏИВ како норма на највисокиот акт во државата, на Уставот на Република Македонија задолжително го определува начинот на избор на три членови на РСС. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за РСС се обезбедува оживотворување и спроведливост на истата. Значи, ако три членови на РСС мора да се изберат на определениот начин, во услови кога не постојат други утврдени критериуми за избор на три члена на РСС од сегашните нема друго освен да се спроведе дикцијата на Амандманот, која индиректно определува на сите членови на РСС да се прекине мандатот и согласно утврдената процедура да се определи нов мандат и нов избор на членовите на РСС. Токму тоа се предвидува со дел од измените и дополнувањата на Законот на РСС и се обезбедува објективно, благовремено, ефикасно и правично уредување на односите во оваа свера, како што доликиува на една правна држава.

2. Почитувани пратеници, во јавноста се појаивја одредени сваќања според кои фактот - исполнување услови за пензија не треба да преставува основ за разрешување на член на РСС. Без оглед на причините од каде произлегуваат и на што се засновани таквите сваќања, евидентно е дека уставните одредби (членот 104, Амандманот ЏИВ и членот 105 од Уставот на Република Македонија) воопшто не го уредуваат прашањето за разрешување на член на РСС. За разлика од ова со членот 111 од Уставот на РМ се определува правната положба на судиите на Уставниот суд и во ставот 4 од истиот член се решава прашањето за престанок на функцијата судија на Уставен суд. Тоа значи дека прашањето за разрешување на член на РСС Уставот го оставил да се уредувај со Закон.

А кога се уредуваат односите и се определува правната положба на граѓаните со Закон се применува правилото за еднаквост на граѓаните пред Уставот и законот независно и од нивната општествена положба. Во овој случај така се поставува.

Ако сите судии избрани од Собранието на Република Македонија од Основниот до Врховниот суд на Македонија се во еднаква положба, зошто и членот на РСС да не биде ставен во иста положба.

Почитувани пратеници, ова беа нашите сваќања кои ме водат кон решеноста да го дадам својот глас за Законот и доколку се согласувате и Вие се тоа тогаш постапите како мене.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално за збор се јавува господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сакам да ве информирам дека ние како опозиција покажавме конструктивност при измена на Уставот на РМ каде што беше потребно двотретинско мнозинство, т.е. без опозицијата не можеше да се донесе. Меѓутоа, иако добронамерно ние побаравме пауза пред расправата по точката за Републичкиот судски совет, Вие ни го ускративте тоа право, иако и ие имавте можност оваа точка редовно да ја ставите во дневен ред на седницата, а не да ја ставате после со дополнување на дневниот ред и после тоа од последна да ја ставите како прва точка.

Ние во знак на протест сакаме да ја напуштиме оваа седница и притоа сакаме, исто така, да ја информираме макеоднската јавност дека како последица на нумесната трансформација која се спроведува во Електростопанство на Македонија со отпуштање на луѓе, падна и првата жртва, поради отпуштање на член од потесното семејство, во градот Ресен. Знажи ние денес ја напуштаме седницата во знак на протест.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за деловничката интервенција.

Сега јас да кажам зошто така направив.

Седница се закажува во рок од десет дена, кога материјалите се доставени. Право е на претседателот дневниот ред да го дополнува се додека тоа му го дозволуваат деловничките обврски. Овој дневен ред со оваа точка е дополнет 15 дена пред денот на одржување на седницата, што значи 5 дена повеќе од роковите.

Во Собранието има еден устален ред. Ако има предлог за донесување на закони со Предлго на закони, тие одат први. После тоа одат нацрти на закони и на крај одат предлозите за донесување на закони кои одат во три фази.

Со оглед на тоа што овој закон е вратен од претседателот, а е поминат во Собраниска процедура, логично е да оди како прв затоа што е во најнапредната фаза. Го ставив точка 2 - само заради тоа што пред него е Уставот кој по сите логики мора да биде прва точка на дневен ред. Значи вашите забелешки не ги прифаќам.

Збор има госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Господине претседател на Собранието, почитуван господине министер и други претставници на Владата, почитувани колеги колешки пратеници,

На денешната седница повторно го имаме законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет, овој пат, како што истакна и претседателот на Собранието, по основ на член 75 став 3 од Уставот на РМ, според кој претседателот на Републиката може да одлучи да не потпише указ на некој закон, со што ние како Собрание сме должни повторно да го разгледаме законот, со можност да се согласиме со претседателот и да не го усвоиме, или пак со апсолутно мнозинство повторно да го усвоиме.

Најпрвин сакам да кажам дека , за разлика од пратениците од опозицијата, јас како пратеник сум свесна дека не е ниту мала ниту несериозна работа, шефот на државата да не потпишува указ на некој закон . Замислата на една таква уставна одредба, во системто на поделба на власта на нашата држава е да се обезбеди една сопирачка за законодавната власт од неуставни , или непромислени односно штетни законодавни проекти. Отука сите ние, значи пратениците од позицијата, но и пратениците од опозицијата сме должни добро , одговорно и промислено да го разгледаме повторно спорниот закон, како што впрочем бара Уставот од сите нас.

Истовремено морам да укажам дека иницијаторот на ваквиот механизам односно шефот на државата е должен ваквиот механизам да го користи ретко, промислено, аргументирано, да не го тривелизир аи политизира.

Веднаш морам да признам дека во одмерувањето на аргументите за и против повторното усвојување на законот, имав голем проблем со аргументацијата на претседателто на Републиката, зошто не го потпишува указот.

Најпрвин, од неговата аргументација, морам да кажам дека воопшто , барем мене не ми беше јасно , точно заради кој став од член или кој член, или кои членови

од законот, претседателот на Републиката не го потпишува указот, бидејки формулацијата која ја користи овде, според едно толкување може да се однесува само на членот 2 односно популарно како член за пензионирање или пак може да се однесува и на преодната одредба со кој практично се операционаизира уставниот амандман 14 и со кој, како правна последица престанува мандатот на сегашниот состав на Републичкиот судски совет.

Јас очекував, Претседателот, мислам дека тоа е елементарна работа во правото да цитира точно со што не се согласува, тоа да го аргументира и евентуално дури да даде некои индикации за тоа како смета дека Собранието во повторното разгледување на законот, треба да постапи. Тоа всушност е основната смисла на оваа уставна одредба во член 75 став 3. Но, како и да е, јас во моето аргументирање ќе тргнам од тоа како јас ги сватив неговите укажувања и аргументи. Веднаш да кажам, тоа ќе бидат аргументи во прилог на уставноста на еден закон и за неговиот легитимитет, настојувајки да ја убедам македонската јавност дека Собранието донело закон кој е во духот на уставните норми и дикција , а не спротивно , како што во својата аргументација тврди Претседателто на Републиката.

Најпрвин сметам дека треба да потсетам и да направам одредена дигресија дека основен мотив на предлагачот на овој закон односно Владата на РМ беше усогласување на законската материја односно законот за Републички судски совет , со амандманот 14 од Уставот на РМ. Тоа беше соодветно изразено во членот 1 од овој закон.

Следното логично прашање што се поставува во ваква ситуација е како да се операционализир ауставната , а веќе со законот и законската одредба што го имплементриа амандманот 14.

Предлагачот односно Владата не дојде до соодветен одговор на ова прашање, па дури се јавија сигнали дека Владата сака тоа да го направи преку одредбата за пензионирање, по што сосема оправдано се јавија реакции од јавноста. Но, морам да потенцирам, според нас не заради убеденоста во нејзиниот неуставен карактер, само по себе туку заради тоа што тоа не е начин да се одговори на поставеното прашање, како да се операционализира уставниот амандман 14.

Како што ми е познато Владата во првиот наврат се повлече од овој процес.

Истовремено, морам да нагласам дека парламентарното мнозинство, тоа можам одговорно да го тврдам, во име на пратеничката група на СДСМ, од самиот почеток, следејки ги аргументите што беа изнесувани во јавноста, веруваше дека уставната одредба за пензинирањето е уставна само по себе односно може да се

брани нејзината уставност, а дека прашањето за судбината на сегашниот совет, правно е исправно да биде решаван преку одредба од преоден карактер, што и го направи во форма на два уставни амандмани, кога Законот се врати во законска процедура. Отука најодговорно тврдам дека овде не се работи за некакво подметнување од страна на Владата, преку наводното инструментализирање на парламентарното мнозинство. Јас лично верувам дека навистина е трагично што сите ние заедно, макеоднските политичари, опозицијата, медиумите, па дури и граѓаните не веруваме во спроведувањето на механизмите на парламентарната демократија , дури и кога тоа навистина се случува. Не веруваме дека навистина е можно, парламентарното мнозинство во македонскиот Парламент кое политички ја подржува Владата да може во рамките на својата политичка поддршка да ја вклучи и својата корективна функција спрема Владата односно спрема законските проекти што доаѓаат од Владата, што нам ни припаѓа како законодавен дом и што всушност е она што се случува сега.

Јас сакам да ја уверам опозицијата и целокупната македонска јавност, макеоднските граѓани , дека парламентарното мнозинство во сегашниот состав на Собранието, го носи овој и ваков квалитет. Верувам дека граѓаните тоа ќе го препознаат и нема да веруваат во приказните за некакво подметнување од стран ана Владата и некакво обично инструментализирање на парламентарното мнозинство. Ние на граѓанит еим ветивме одговорни законодавци и ве молам никој да не го тривеализира тоа заради потребите на политиканство, сензација, интриганство, цинизам и слично. Македонскиот параментаризам и демократија нема да стигне далеку ако ваквата корективна функција на Собранието, вклучително парламентарното мнозинство, не се препознава, признава, охрабрува и на крајот на краиштата множи како позитивен политички тренд.

Сега би сакала да го задржам вашето внимание на аргументите во уставноста на предложениот закон. Ќе тргнам од она што јас лично сум убедена дека е причината за непотпишувањето на указот од страна на Претседателот на Републиката, а тоа е така наречениот член за пензионирањето односно членот 2 од Законот.

Јас минатиот пат дискутирав по оваа точка и затоа ќе глдам што е можно пократко да ги изнесам , чисто како потсетување, овие аргументи.

Прво, точна е констатацијата на Претседателто на Републиката дека уставниот амандман 14 ќе одлучува исклучиво на начинот на избор на 3 члена на Републичкиот судски совет, а не на материјалната норма за мандатот за членовите

на тој совет. Но, дозволете ми да му се обратам директно на Претседателот на Републиката:

Господине Претседателе, членот 2 односно членот за пензионирањето воопшто и нема амбиција да биде доведуван во врска со уставниот амандман 14. Вие очигледно не сте ја следеле внимателно расправата во Собранието, ниту сте ја земале предвид аргументацијата и образложението на парламентарното мнозинство и на групата предлагачи на овој член, во вид на амандман 1 од минатата поставка. Амбицијата на овој член е, ког авеќе се прават измени и дополнувања на постојниот Закон за Републички судски совет, да се дополни членот 9 од Законот а Републички судски совет и да се воведе еден нов основ за разрешување на член на советот покрај оние кои веќе се предвидени. Да потсетам, во членот 9 е предвидено дека член на Републички судски совет може да бидер разрешен ако биде осуден за кривично дело, казна затвор од намалку 6 месеци, ако трајно ја загуби деловната способност и ако поднесе оставка. Оовј член во законот значи предвидува основи за разрешување на член на Републичкиот судски совет во текто на траењето на мандатот. Станува збор за сосема друг правен институт, разрешување кое во принцип стапува во сила во траењето на мандатот и тоа во исклучителни ситуации по исклучителни основи. Со други зборови траењето на мандатот е правило од кое има исклучоци. Практично мандатот не е апсолутна категорија. Тоа впрочем за други уставно предвидени институции е регулирано со Уставот, а за некои Уставот остава тоа да биде регулирано со Закон, како што впрочем е случајот и овде. Значи се работи за законодавна материја и нејзината уставност не е спорна, ниту пак досега била оспорувана.

Она што можеме да го дискутираме е дали ова решение е добра или лоша законодавна политика.

Јас минатиот пат воопшто не дискутирав за ова прашање. Меѓутоа, сметам , токму заради тежината на моментот, сега за непотпишување на указот од страна на Претседателот на Републиката, мислам дека и во овој прилог треба да се изнесат барем два аргументи.

Аргументот, зошто парламентарнтоо мнозинство смета дека ова е добра законодавна политика е фактот дека Републичкиот судски совет е стручен орган кој има значајна улога во номинирањето на судиите, нивното разрешување, дисциплинска одговорност, оценување на стручноста и совесноста на судиите. Значи, со други зборови се одлучува за кариерите на судиите. Одтука, би било сосема правично, а да потсетам, правичноста е важен принцип во правото, еднакви

одлучуваат за еднакви. Значи, според нас, не е правично пензионери да одлучуваат, не во политички, туку во стручен контекс, за судбината на судиите.

Вторито аргумент што би сакала да го изнесам е следното: Во еден, да употребам израз, еснаф, кој е поставен во систем на херархија, во кој кариерите се временски димензионирани и во кои личните кариери се бавни, по правило, едно вакво решение, според нас, би довело, таквата слаба мобилност низ скалилата на судската херархија, не стане и екстремно односно да се обезбеди една поголема флуктуација на кадрите , флудирање на помладите кадри во пониските структури на судството и да не се случув ана пример, стручни соработници, практично да ги фаќа летаргија и депресија по судовит еи да не можат да сонуваат да станат судии и на возраст од 40 години. Значи, конечно, заради недоразбирањата сум должна да кажам дека овој член за пензионирањето ќе се однесува на идните состави на Републичкиот судски совет, а не за сегашниот и никој во овој состав нема да биде разрешен по основ на пензионирање. Ова пак не доведува до членот 4 односно во минатата процедура вториот амандман на спорниот закон кој всушност ја решава судбината на сегашниот состав на Републичкиот судски совет, а кој , за мене, од нејасни причини воопшто не го доби соодветниот публицитет, овој член кој одговара на прашањето што го поставив на почетокот, ако да се операционализира амандманот 14 односно членот 1 од Законот.

Основна работа во правото е , кога се вршат уставни односно законски реформи, да се регулира прашањето како тековните правни состојби и правни односи да се усогласат со новите решенија. Тоа се прави со преодни одредби. И оваа одредба има таков карактер.

Ќе го спомнам и аргументот на систематичност и консеквентност на нашиот правен систем.

Јас ги повикувам пратениците и оние кои се спротивставуваат на ова решение, само да видат како се вршело усогласување во сферата на правосудството, кога настанаа промени со донесувањето на Уставот од 1991 година, во однос на тоа како било концепирано судството односно правосудството според Уставот од 1974 година, кога со преодни одредби, иако и судии и обвинители и правобранители  биле во течење на мандат , мораше да се врши генерален реизбор. Значи во случајов со оваа одредба се предвидуваат оперативни решенијакако членот 1 да се примени и правната последица која ќе настане од таа примена, а тоа е престанок на мандатот на сегашниот Републички судски совет.

Овде се битни две работи што треба да бидат истакнати.

Првата работа се однесува на аргументот на опозицијата. Затоа сметам дека е крајно недемократски што опозицијата ја напушти седницата, а тоа е дека нивната одлука, за случајов беше да се сочека да заврши мандатот на актуелниот состав на Републичкиот судски совет, па дури потоа да се врши усогласување со амандманот 14. Правно тоа е изводливо, меѓутоа мора да биде исто така направено во преодна одредба. Но, прашањето е дали тоа за нас би било прифатливо ако се има предвид политичкиот и општествениот контекс, заради што уставниот амандман 14 беше донесен, а врз основа на тоа и измената и дополнувањето на овој закон со членот 1 кој практично го изразува уставниот амандман 14. Мислам дека не можеме во овој контекс да чекаме две три години да дојде до усогласување на реформите правни состојби во сферата на Републичкиот судски совет, со уставниот амандман 14, затоа што постои внатрешен и меѓународен императив, особено таму каде што уставните амандмани не бараат долг процес да се чека толкав долг период за нивна примена.

Исто така, во правото тоа би било вистински раритет кога се вршат уставни и законски реформи да се остави толку долг период за неусогласување на правните состојби со новите уставни, или законски решенија.

Другото решение сега она што ние го предложивме и што сметаме дека во нашиот правен политички и општествен контекст е многу поприфатливо решение. Значи, преодната одредба што се предвидува, односно членот 4 е всушност операционализација на членот 1, а тоа пак е операционализација на уставниот амандман 14. И во таа смисла претседателот на Републиката воопшто не е во право кога вели во својата аргументација дека измените во Законот немаат врска со имплементацијата на амандманот 14, односно практично на Рамковниот договор.

Во таа смисла на крајот би сакала да му поставам на претседателот на Републиката неколку прашања. Дали претседателот верува дека треба да се земе во предвид како правно исправно единствено решението што го предлагаше опозицијата, односно да се чека две до три години во зависност кога им завршува мандатот на членовите на Републичкиот судски совет. Ако смета дека тоа е така, како тој би го оправдувал тоа, особено затоа што тој е еден од главните инспиратори на Рамковниот договор кој што популарно исто е познат како на претседателот. Ако не, дали тоа значи дека тој се откажува од амандманот 14, односно од Рамковниот договор, или пак можеби смета дека овој законодавен дом на некој магичен начин ќе може да го оствари Рамковниот договор, односно уставните амандмани, односно да бидеме некаков своевиден Хари Потер, па со фокус покус да ги реализираме уставните амандмани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Господине претседателе, јас ќе бидам доста краток и ќе се потрудам да не се повторам. Сакам надвор од тоа што го кажа претходниот говорник да кажам два, три збора во врска со предлогот предложен од групата на пратеници. Како што знаеме сите претседателот на државата користејќи го членот 75 алинеја 3 не го потпиша декретот за објавување на Законот за републички судски совет, затоа што така како што се вели во Информацијата на претседателот на државата, законот е во спротивност со Уставот. И покрај тоа во самата информација не се истакнува која е таа уставна норма која е во спротивност со Законот за Републичкиот судски совет. Факт е дека во членот 104 се зборува за мандатот на членовите на Републичкиот судски совет кој мандат е 6 годишен. Во овој член не станува збор за престанокот на овој мандат. Во овие услови кога оваа уставна норма не предвидува во кои случаи можат да се разрешат членовите на Републичкиот судски совет, јас мислам дека решението треба да се бара врз основа на начелото на аналогијата, или она што правниците го викаат аналогија јурист. Спротив ова начело многу е лесно да се најде и уставната основа на предложениот амандман од групата на пратениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Преминуваме на гласање.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 67 пратеници гласале за и 1 воздржан, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет.

Преминуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија, со Предлог на закон.

Со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

ИСМАИЛ ДАРЉИШТА:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, донесувањето на Законот за изменување на Кривичниот законик е определено од потребата за зајакнување на казнената политика во однос на недозволената трговија со оружје, односно недозволеното изработување, држење и тргување со оружје, или распрскувачки материјали. Исто така, како причина за донесување на овој закон е и фактот дека Собранието на Република Македонија на својата 22-ра седница одржана на 28 мај 2003 година го донесе Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето при што значи се востанови правна рамка за регулирање на неконтролираното поседување на оружје како дел од процесот за стабилизирање на мирот и безбедноста на Република Македонија.

Со одредбата од членот 1 на Предлогот на законот се предвидува казнената рамка во ставот 1 на членот 396 да се подигне при што за сторителот на кривичното дело кој неовластено изработува, држи, продава, набавува или врши размена со огнено оружје, муниција или експлозивни материи се предвидува казна затвор од 1 до 10 години. Со ставот 2 на истиот член е предвидено дека кога се работи за поголемо количество на огнено оружје, муниција, или експлозивни материи на сторителот да му се определи казна затвор од најмалку 5 години затвор. А со ставот 3 се предлага предметите и средствата за изработување, пренесување и растурање на оружјето, муницијата или експлозивните материи да се одземат. Се разбира одредбата од членот 2 на Предлогот го регулира влегувањето на законот во сила.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани министри и членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Пред нас го имаме Предлогот за донесување на Законот за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија. Сметам дека одредбите содржани во Предлог-законот навистина се квалитетни и добри и дека се последица како потреба

од зајакнување на казнената политика по однос на недозволената трговија со оружје, односно недозволеното изработување, држење и тргување со оружје, но и она второто што произлезе и од излагањето на министерот, меѓутоа и од она што е содржано во Предлог-законот а тоа е како потпора на Законот за доброволно собирање на илегалното оружје и експлозивни материи. Видно од самиот предлог евидентно дека се зголемува казнената политика и тоа во членот 396 ставот 1 сега се предвидува казна од 1 до 10 години, додека во ставот 2 на истиот член е предвидена казна од најмалку 5 години. Лично сметам и ова го поддржувам особено што како денешна 29-та точка на дневен ред на оваа седница имаме и одлука за именување на претседател и членови на Координативното тело за спроведување на Законот. И она што го истакнав на Комисијата, лично сметам дека навистина треба овие две работи да одат паралелно, односно Координативното тело да ја донесе во што е можно пократок рок националната програма за зголемување на општата сигурност преку доброволно предавање на оружје. Исто така, сметам дека она што е содржано во членот 7 од Законот за доброволно предавање на оружје, дека ќе се врши во рок од 45 дена, така што не би се нашле во некоја поголема диспропорција бидејќи тоа беше политичка согласност на сите пратенички групи во Собранието да едниот закон всушност го поддржува веќе донесениот закон. Од тие причини се разбира како и сите мои колеги од пратеничката група на СДСМ ќе гласаме позитивно по Предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Нелко Стојаноски.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

Почитуван господин претседател, почитувани колеги, почитувани членови на Владата, во врска со Законот за изменување на Кривичниот законик би сакал во оваа прилика да истакнам само уште неколку аргументи во прилог на донесувањето на овој закон. Инаку познато ни е на сите дека пред околу еден месец го донесовме Законот за доброволно предавање и собирање на илегалното огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за можноста за легализација на одредени видови оружје. Овој закон во некоја рака претставува негово дополнување, а се предлага да се донесе како би се стабилизирал мирот и безбедноста во нашата држава. Освен тоа на овој начин во областа на казнената политика Македонија се определува за прифаќање на меѓународните стандарди што ја регулираат оваа област. Меѓутоа, посебната цел што треба да ја постигне донесувањето на овој закон е да влијае врз граѓаните кои илегално поседуваат оружје, тие од него да се ослободат на легален

начин, затоа што во спротивно заради големата општествена опасност и загрозувањето на најзначајните општествени вредности би следувало поригорозна санкција од досегашните. Ваквата определба е логична, бидејќи мирот, безбедноста и стабилноста се почесто се загрозуваат од граѓаните кои илегално поседуваат оружје. На овој начин се смета дека казната која пак не е насочена кон некој одреден поединец ќе влијае врз сите граѓани во смисла на јакнење на нивните антикриминални дела, односно ќе дејствува како мотив да ги одвраќа да извршуваат вакви дела. Претпоставувам дека и во јавноста постои вакво расположение, најостро се осудуваат делата кои се во врска со поседувањето, илегалната трговија и употребата на оружјето.

Во правната теорија се смета дека цел на казнувањето е нејзиното антикриминално дејство односно настојувањето да се влијае врз сите граѓани да не вршат кривични дела. Навистина најголемиот број граѓани не вршат кривични дела не заради тоа што би биле казнети, туку заради тоа што во нивниот прпоцес на социјализација тие интероризирале такви морални норми и изградиле сопствен морален кодекс на однесување кој не им дозволува извршување на кривични дела. Но, покрај нив, постои еден број на граѓани каде социјализацијата не ги дала очекуваните резултати и тие се однесуваат девијантно односно извршуваат кривични дела. Кај таквите граѓани треба да им се закани и стравот од казна и законските санкции треба да влијаат врз нив да не прават кривични дела.

Со други зборови заострувањето на казнената политика и санкциите за ваквите кривични дела би имало смисла на генерална превенција. Но, и во оваа прилика треба да се подвлече фактот дека колебливите и оние кои се склони за вршење на кривични дела нема да ги одврати само постоењето на вакви казни, туку и нивното доследно применување, како и тоа во колкава мерка ќе се откриваат и осудуваат сторителите на ваквите дела.

Значи, мошне е значајно секој сторител да го стигне заслужената казна. Сега кога е донесен Законот за доброволно предавање на оружјето, муницијата и експлозивните материи како и можноста да се легализира оружјето и да се оневозможи неговото неконтролирано поседување и носење, Законот кој е пред нас и кој е пред непосредна имплементација сметаме дека и овој закон ќе придонесе за стабилизирање на мирот и безбедноста во нашата држава и заради тоа пратеничката група на Либерално-демократската партија ќе го поддржи неговото донесување.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Пред да преминеме на заклучување, ги молам пратениците да влезат во салата и ги молам, да не го повторувам тоа на секоја минута, да сватат дека во салата се влегува еднаш и се останува на состанок.

Заклучок, Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 53 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Гласањето го поништувам.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Да ве потсетам за ритамот на работа кој ќе го имаме за оваа седница. Ќе работиме денес, утре, во четврток пратенички прашања, ќе работиме и петок и понеделник и вторник и среда. Ако завршиме порано ќе ја прекинеме таму каде што е.

Предлагам пауза од 15 минути.

Ќе продолжиме со работа во 13,25 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13,35 часот).

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување на Кривичниот законот на Република Македонја.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 62 пратеници гласале за, и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 58 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амаднман на насловот на Законот со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор?(Никој)

Го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите гласале за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија.

Преминуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Царинскиот закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите гласале за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, никој не гласал против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Царинскиот закон.

Преминуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештаите на работните тела Ви се доставени и поделени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници.

Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлгот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот.

Пратеникот Ѓорѓи Павошкоски поднесе амандман на член 2 став 1 алинеја 4, член 5, за додавање нов член 5-а по членот 5 и за додавање нов член 11-а по членот 11, по кои Владата не се произнела.

Пратеникто Ангел Димитров поднесе амандман на жлен 1 став 2, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 7 во новиот член 20-а ставови 4 и 5, член 7 во новиот член 20-б и на член 11 во новиот член 23-а

став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 алинеја 4, поднесен од пратеникот Ѓоѓе Палошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Димко Кокаровски.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Господин Положани, ќе Ве замолам или седнете на место каде што е Владата, или напуштете ја салата. Кога ќе дојде Законот за образование не би сакал на истиот начин кога Вие имате предлог некој друг пратениците да ви ги занимава со други закони.

Гласале 58 пратеници, 4 пратеници гласале за.

Констатирам дека амандманот не е поминат, со оглед дека во салата има 64 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Палошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 4 пратеници гласале за, а во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а, по членот 5, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Палошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 2 гласале за.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 11-а, по членот 11, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Палошкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 1 гласал за.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас би сакал само накратко да го дадам моето образложение околу идејата зошто го предложив амандманот. Сеуште сметам дека навистина моментот на издавање на фискална сметка и со оваа измена не е доволно прецизен. Но, бидејќи и мојот амандман фактички оставаше можност за одредени манипулации, го повлекувам мојот амандман. Суштината на проблемот во самиот закон за регистрирање на готовински плаќања е каде што има контрадикторности самиот закон. Се надевам Владата понатаму можеби ќе ги исправи овие работи, бидејќи немаше во член 2 да се вели дека "даночните обврзници задолжително да издаваат сметка за извршниот промет односно услуга", а од друга страна во член 4, кој и досега беше, во моментот на плаќање на доброто. Дури, да не речам е несериозно во членот 21 каде што се кажува за казнените мерки вели во точка 2 "не издава фискална сметка за извршниот промет на добра". А, додека во членот 4 вели дека сметка се издава кога се плаќа доброто. Но, јас го повлекувам, а се надевам понатаму ако некои проблеми, Министерството за финансии ќе предложи одредени измени.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Гласале 63 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан и 5 пратеници биле против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за измени и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

**Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за културата.**

Оваа точка, всушност, е симната од дневен ред.

Се извинувам.

**Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон, мислење на Владата, овој пат е предлагач госпоѓа Грковска, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени и поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутни пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Госпоѓа Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Еден од клучните фактори за развој на секоја држава е квалитетен образовен систем, кој овозможува имплементирање на фундаменталните вредности на општеството и на дотогашните постигнувања, како и продлабочување на знаењето. Токму затоа секоја држава посветува сериозно внимание на осовременувањето на образовниот процес, прилагодување на наставните планови и програми, на предизвиците што ги носи времето на сметка на застарените и непотребни содржини, како и воведување и употреба на информационите технологии. Се заедно создава услови и за современ образовен систем, кој ќе претставува основа за квалитетно надградување на сите сегменти во општеството.

Во услови кога нашата држава се соочува со други предизвици, во услови на тешка економска и социјална положба на граѓаните, можеби е тешко да се прифати дека токму во образованието се потребни поголеми инвестиции, доколку сакаме побрз економски прогрес и решавање на проблемот на невработеноста. Меѓутоа, кога го имаме предвид фактот дека моќта е во знаењето, тогаш јас сум убеден дека ќе се согласиме дека квалитетното образование треба да биде континуиран приоритет и дека нема поисплатлива и помалку ризична инвестиција од инвестицијата во образованието.

За жал, состојбата во македонското образование не отскокнува од општата состојба во државата. Меѓутоа, за воведување ред во некои сегменти од образованието воопшто не се потребни финансиски средства, туку е доволна само желба и волја за преку законски решенија и интерни акти и одлуки да се средат

состојбите и колку е можно побрзо. Во таа насока се и предложените доплнувања на законот за основното образование и тоа еден член е повеќе од техничка природа. Во него се предлага еден од критериумите за директор на основно училиште да биде со работно искуство од најмалку 5 години, што е пофлексибилен критериум, за разлика од досегашниот, кој предвидува 5 години работно искуство во воспитно образовниот процес, што лесно можеше да предизвика правен проблем.

Другите два нови члена со кои се предлага да се дополни законот, се во делот за учебници и се однесуваат на авторите и издавачите на учебници, со оглед на тоа што во рамките на овој закон е единствената законска регулатива за издавање на учебници.

Значајна карика во остварувањето на воспитно образовната компонента на основното образование е меѓу другото и употребата на учебниците. Токму затоа мора да се внимава на нивниот квалитет. Дали стилот е прилагоден на возраста, дали е во согласност со наставните планови и програми, дали ги задоволува современите барања од дидактички и од методички аспект итн. Токму заради тоа, согласно овој предлог може автор на учебник да биде лице со високо образование, а по сугестија на г. Ќахил на Комисијата за образование и наука, одлучивме тоа да биде и магистер и доктор на науки од областа за која е наменет учебникот. Меѓутоа, со ова не се решаваат проблемите, кои што реално постојат во овој сегмент, а кои особено се изразија по измените во законот за основното образование донесени во јули 1997 година, кога беше усвоена одредба, со која се дозволува издавање на два или повеќе учебници за еден наставен предмет. Ваквото решение, би сакала да потенцирам, дека не е непознато и за други држави. Меѓутоа, кај нас предизвика хиперпродукција на учебници, од кои кај некои со дискутабилен квалитет. Потоа, непотизам, злоупотреби од типот на пробивање на шифри итн, како и притисоци на наставниот кадар од некои автори и издавачи на учебници и учебни помагала.

Проблемот е особено изразен во основното образование, заради неговата задолжителност, но и заради поширокатa мрежа на основни училишта, што за поединци претставува предизвик да се наметнат по секоја цена, можеби во еден од најсигурните бизниси наречен продажба на учебници и да го освојат овој така да го наречам пазар, затоа што станува збор за можеби над 20 илјади примероци од секој учебник.

За жал, информациите укажуваат на тоа дека во тоа учествуваат и лица кои се задолжени за вршење стручен инспекциски надзор во училиштата односно лица кои се инволвирани во процесот за давање мислење за одобрување на

ракопис за учебник, за што во многу наврати е пишувано во медиумите. На јавноста и е познато дека дел од вработените во Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат и Педагошката служба се јавуваат како автори и издавачи на учебници. Согласно Законот за основното образование е утврдено дека Бирото за развој на образованието изработува Програма за издавање на учебници, која ја донесува министерот, дека Педагошката служба врз основа на рецензираните ракописи за ужебник и стружното мислење на Бирото за развој на образованието за усогласеноста на ракописот за учебник, со концепцијата за учебник и наставните планови и програми, на министерот му предлага ракопис на учебник за одобрување ујпотреба, а согласно Законот за просветната инспекција утврдено е дека Инспекторатот врши надзор на употребата на одобрените учебници и прирачници.

Можноста вработените во овие органи да бидат автори и издавачи на учебници ги става во позиција да бидат од една страна ампликанти на конкурсите за учебници, а од друга страна да бидат лица кои даваат стручно мислење за одобрување на употреба на ракопис за учебник и да вршат надзор на употребата на одобрените учебници и прирачници. На тој начин постои можност за нерамноправен статус меѓу учесниците на конкурсот за издавање учебници. Но, исто така, постои можност за злоупотреба на службената должност. Имено, согласно Законот тоа се лица кои вршат увид и даваат оцена за работа на наставниците согласно Законот за просветна инспекција и согласно Законот за основното образование и токму ова се користи како аргумент повеќе зошто би требало наставниците да се одлучат да ги употребуваат учебниците и учебните помагала, чиј автор и издавачи се советници инспектори. Дури, постојат случаи на отворени закани за пишување негативен записник односно давање на негативна оцена за наставник кој се дрзнал да одбере учебник од автор кој не е вработен во овие органи.Токму заради тоа се случува наставник неколку пати да го менува учебникот што се одлучил да го одбере или пак да бидат одбрани два или три учебника за работа, што значително се одразува на и онака сиромашниот буџет на родителите. Од сите овие досега наведени причини, во Законот се предлага додавање на одредба според која вработените на овие органи не можат да бидат автори и издавачи на учебници, а члeновите на нивните семејства да не можат да бидат издавачи на учебници. Истовремено на Министерството му препорачувам да воведе строги правила за начинот на кој што ќе се врши избор на еден од одобрените учебници за употреба, да ги минимизира можностите за притисок врз наставниот кадар, да оневозможи директна продажба на учебниците и учебните помагала во училиштата, да ги повлече од употреба сите

досегашни учебници чии автори и издавачи се вработените или да распише нови конкурси и на тој начин да придонесе за намалување на можноста од појава на конфликтни интереси, непотизам и злоупотреба на службена должност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, би сакала да го поддржам овој закон, донесувањето на овој закон и верувам дека со него ќе се придонесе за поквалитетно образование во основното образование и сметам дека е особено значајно тоа што ќе се заостри контролата на издавањето на учебници преку тоа што ќе се ограничи кој се може да биде автор или издавач научебници. Притоа, би сакала само да додадам два елементи, кои што мислам дека се значајни. Едниот е дека веројатно би требало Министерството за образование во иднина да размисли и околу организацијата на овие служби кои што се наведени тука. Пред се, мислам на Педагошката служба, на Бирото за развој на образованието, Управата за развој и Државниот просветен инспекторат, кои што би требало да се осовременат и да имаат навистина големо значење при контролата и следењето на учебниците кои доаѓаат до нашите најмлади и да им се даде потребното значење, како што е тоа во некои други земји.

Уште еден елемент како сугестија до Министерството за образование, мислам дека законот за основно образование веројатно бара и други читања од повеќе аспекти. Од една страна од аспект и обезбедување подобро образование за младите, кое што ќе биде усогласено со современите трендови во светот и тоа од гледна точка на содржината на програмите, а исто така и од гледна точка на методологијата на предавање, при што ќе треба да се стимулира интерактивноста во предавањето. Мислам дека на овој план како земја сме доста назад од она што значи современ начин на предавање во светот и исто така од гледна точка на обезбедување на услови за работа на основните училишта.

Кога спомнав дека Законот за основно образование бара и други читања, мислам дека би требало тој да претрпи читање од аспект на обезбедување на еднакви можности за образование на сите. Ова го велам, затоа што ние сме обврзани како земја да ги следиме стандардните правила за еднакви можности за

лицата со посебни потреби. Ние сме потписник на многу документи кои што на тоа не обврзуваат, па мислам дека и од таа гледна точка ќе треба овој закон да се препрочита и да се внесат оние измени онаму каде што тоа ќе биде потребно.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Министерот за образование Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Иако, со Деловникот, господине претседателе, не сум повикан да го бранам или да кажувам посебно мислење во врска со предлогот, а поради фактот што сепак промените на законот што се предлагаат се врзани со една суштествена дејност во образованието, да кажам 2-3 збора во врска со предложеното од госпоѓата пратеник Грковска.

Инаку, мислењето на Владата Вие го добивте каде што ние укажуваме дека принципиелно ние не сме против донесување на закон со ваква содржина и на промени на закон со ваква содржина, затоа што такви активности што водат кон ред кон учебникарската политика и кон целокупната издавачка политика во овој аспект, ние веќе преземаме мерки и мислиме дека таквите закони и таквите решенија да ги вклопиме во промените на законот за средно и основно образование што се во тек. Нормално, земајќи предвид и препораките и нашите обврски што произлегуваат од анти корупциската политика и во овој домен.

Затоа, ние укажавме дека не сме принципиелно против, но на Парламентот и на Комисијата за образование, која што дала свое мислење, останува да го поддржи или не овој закон, иако мислиме дека нема ништо лошо да се поддржи. Но, со оглед на тоа дека се работи за една деликатна работа, која што сепак ќе треба подлабока анализа која што веројатно во текот на донесувањето на Законот за основно и средно образование во две фази ќе биде можно разгледување и од ефектите на таквите промени, мислам дека со поддржување на овој закон од страна на Парламентот ќе се остави простор во тоа двофазно донесување во тој другиот закон што веќе Министерството го подготвува, да ги согледа ефектите и можните поадекватни решенија во склоп на таа активност, која што мислам дека насоката и принципот се базирани врз истата логика, која што и ги предлага госпоѓата пратеник.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Добро и во новиот закон тие одредби можат да се префрлат, не е проблем.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 60, 4 воздржани.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласал за, 2 пратеници биле воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам трет претрес по текстот на Предлогот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на член 1 во новиот член 80-г со кој се согласил предлагачот и тој е составен дел на текстот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 во новиот член 80-г и на член 1 во новиот член 80-д став 3, со кој се согласил предлагачот на Законот и тие се составен дел на текстот на предлогот.

Продолжуваме со претрес.

Дали некој бара збор по текстот на предлогот. (Никој).

Го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот X на Уставот, Законот се донесува со мнозинство гласови од присутни пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 гласале за и 4 воздржани.

Ве молам, припадниците на заедниците што не се во мнозинство, со кревање на рака, попрактично, да гласате.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласале за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија. Од нив, за предлогот на законот гласаа 17.

Констатирам дека Собрание на Република Македонија го донесе законот за дополнување на Законот за основното образование.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот, Мислењето на Влада на Република Македонија и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

И овој закон е согласно точката 2 од Амандманот Џ на Уставот на Република Македонија, се донесува со мнозинство гласови на присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Слушнавме воведно излагање, претпоставувам дека е истото.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Грковска се јавува во својство на предлагач и има предност.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Единствената разлика помеѓу предлозите на Законот за основното и Законот за средното образование е тоа што во Законот за средното образование има критериуми за избор на директор во ученички домови. Тука исто се предлага критериум, услов за директор на ученички домови за биде најмалку 5 години, за сметка на досегашните пет години. Тоа е засега единствената разлика.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Сосема накратко сакам да кажам со што бев мотивиран да се јавам во претресот по овој закон. Овој закон, како и претходниот закон, очигледно потврдува дека во Република Македонија мора да се донесе законот за конфликт на интереси, како за носителите на јавни функции, така и за државната администрација. Со тој закон би определиле што можат одредени луѓе, односно носители на јавни функции и вработени во јавната администрација да работат, а што не. Вака излегува дека со посебен закон, со секој одделен закон ние дефинираме кој што може да работи, кој што не. Не ја оспорувам потребата од овој закон, само укажувам дека има потреба од донесување на овој закон.

Исто така, во врска со овој закон сакам да кажам дека, како што кажа и министерот, претстои донесување, односно темелна реконструкција на Законот за средно образование, како и за претходниот закон. Очигледна е потребата од тоа. Затоа, апелирам до Министерството и до Владата, што побрзо да го подготви овој закон, се со цел да не доаѓаме во некои недефинирани, условно речени ситуации.

Исто така, на крајот, сакав да укажам на уште една појава. Ние имаме закон за семејество и закон за наследство каде што е дефинирано семејството. Не само во овој закон. Иако е прифатен амандманот со кој ќе се брише фактички членот од предложениот закон, создаваме некоја нова правна практика. Во еден закон, под семејство се подразбира, да речеме во антикорупциски закон едно, во некој си друг закон сосема друго и така натаму, а имаме, како што кажав закон за семејство и Закон за наследно - правни односи, каде што е дефиниран поимот семејство.

Во оваа прилика апелирам до Владата на Република Македонија да изврши нивелирање, односно изедначување на сите овие поими за кои зборувам.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 за, 1 воздржан.

Во Собранието има 63 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на член 1 во новиот член 31-г, со кој се согласи предлагачот и тој е составен дел на текстот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 во новиот член 31-г и член 31-д став 3 со кој се состави предлагачот и тие се составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 на амандман 10 на Уставот овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутни пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутни пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за и 1 воздржан.

Молам да преминеме на гласање на последното гласање од припадниците на заедниците. Ве молам со кревање на рака.

Кој е за?

Дали има некој против? Воздржан? Нема.

На седницата присуствуваат 18 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за предлогот на законот гласаа 18. Никој против и воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Осма точка - Предлог за донесување на закон за измена и дополна на Законот за начин и постапка на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кој гарант е Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници се присутни, гласале 55, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците што се присутни нека гласаат кога се веќе во салата.

Гласале 59 пратеници, 58 за и 1 воздржан.

Во салата сега се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 за менување на алинеја 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните по кој гарант е Република Македонија.

Деветта точка - Предлог за донесување на закон за измена и дополна на Законот за денационализација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон, извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор?

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за денационализација.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, сите гласале за.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 и за менување на алинеја 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на предлогот на закон.

Тоа значи дека и овој закон е усогласен со работните тела.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за денационализација.

Единаесетта точка - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија за реализација на Проектот за патишта ИИ, (обиколница околу Скопје и Смоквица - Гевгелија).

Предлогот за донесување на законот со предлог на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господин Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам.

Ќе бидам краток и сум оптимист дека оваа седница ќе ја завршиме и утре.

Не би сакал да зборувам што значи квалитетна комуникација во самата држава, а подобрувањето на таа комуникација значи и подобрување и на врските со соседните земји. Проектот за изградба на обиколницата околу Скопје има големо значење за транс - европските транспортни коридори и тоа Коридор ВИИИ и Џ и имаат големо значење за развојот на целокупната економија на Република Македонија. Со овој проект дел од главните проблеми на денешницата, посебно за големите градови, а тоа е загадувањето, ќе се намали во голем степен, а исто така и сообраќајниот метеж, а ќе се скрати и времето на поминување околу Скопје.

Јас би се задржал и на Проектот за изградба на патот Смоквица - Гевгелија кој е дел од Европскиот транспортен коридор Џ, односно север - југ во должина од околу 11 км., но не само на оваа делница, туку се надевам и на другиот дел од делницата на овој Коридор ќе се направат усилби за побрзо реализирање на овој проект, бидејќи тоа е од огромно значење за нашата земја и е главен Коридор со западно - европските земји и Средоземното море. На сите ни е познато колку овој пат е оштетен и од кого е оштетен.

Морам да нагласам дека на оваа делница е во завршна фаза и Проектот за приклучување на Гевгелија на стариот, односно новиот влез и излез во која, како што реков и со моето пратеничко прашање поставено на првата седница,

ќе се стават во функција ситре оние објекти, пред се бензинската пумпа, сервисот, мотелот, локалитетот “Вардарски рид” и Гевгелија ќе биде спремна за 2004 година да ги прифати сите оние туристи кои ќе бидат на пат кон соседна Грција.

Сакам на ова место да нагласам дека колку Владата сериозно ја сфати институцијата пратенички прашања, бидејќи после поставеното прашање министерот за транспорт и врски, а посебно директорот на Фондот за магистрални и регионални патишта беше во Гевгелија на два пати, ја виде сериозноста на проблемот и сметам дека проблемот кон почетокот на јули ќе биде разрешен.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Голспоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Го поздравувам донесувањето на овој закон кој што претставува поддршка на заемот од Европската банка за обнова и развој за реализација на проектите за обиколницата околу Скопје и изградба на патот Смоквица - Гевгелија.

Ова истовремено го гледам и како поддршка за економскиот развој на земјата, бидејќи верувам, на сите ни е јасно дека нема економски развој без обезбедување унитарна инфраструктура. Таква е и патната мрежа низ земјава, со предност на Коридорите ВИИИ и Џ, а и двата дела на овој проект се токму делови на овие коридори.

Сакам само да нагласам дека очекувам дека развојниот приод на Владата ќе продолжи и понатаму и дека Владата ќе се ангажира за изнаоѓање на други начини за финансирање на големи инфраструктурни објекти што ни се неопходни како земја.

Еден таков начин на финансирање е и концесијата и очекувам дека во таа смисла ќе се најде решение и за покривање на изградбата на други патни правци како што се да речеме патниот правец Веле - Прилеп или Свети Николе - Миладиновци и т.н. Ги гима многу, не би набројувала, меѓутоа верувам дека со еден интензивен ангажман ќе се најде начин за користење на различни фондови кои што ни беше навестено и на последнот Самит во Солун дека Македонија би можела да има пристап до нив, така што верувам дека со добар ангажман на извршната власт

ќе можеме да обезбедиме и реализација на други инфраструктурни проекти кои што ќе значат унапредување на економскиот развој на земјата во целина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и Фондот за патишта на Република Македонија за реализација на Проектот за патишта ИИ (обиколница околу Скопје и Смоквица - Гевгелија).

Има 64 присутни пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 за, 1 воздржан.

Ќе ве молам уште еднаш да утврдиме присутни пратеници.

(Службите вршат пребројување на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за и 1 воздржан.

Во салата има 63 присутни пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на насловот на законот на член 1, член 5 и 6, со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

И ова е усогласено на комисиите.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Дали некој бара збор по текстот на законот?

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и Фондот за патишта на Република Македонија за реализација на Проектот за патишта ИИ (обиколница околу Скопје и делница Смоквица - Гевгелија).

**Единаесетта точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пределот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пределот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, сите за.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, сите гласале за.

Присутни се 62 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите гласале за, а присутни се 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Европската конвенција за пределот.

Преминуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван господин претседателе, во врска со Предлог-законот за ратификација кој е предмет на разгледување би сакал до Владата на Република Македонија да дадам неколку забелешки кои мислам дека се од битно значење.

Имено, факт е дека Република Македонија е членка на Конвенцијата и на Дополнителниот протокол од 26 октомври 1999 година, а исто така факт е дека Република Македонија го потпиша Вториот протокол на 8 ноември 2001 година.

Евидентно е дека овој Предлог на закон ќе се донесе и треба да се донесе, но истовремено веднаш треба да пристапиме кон измени како на Уставот на Република Македонија така и во поглед на кривичното законодавство на Република Македонија од едноставна причина што прилагодувајќи го нашето закнодавство според потребите и стандардите на Европа постојат одделни делови за кои посебно не би се навраќал, бидејќи сите ги кажав на Комисијата, меѓутоа, во најкратко време ќе мора навистина да се пристапи кон адаптирање посебно на нашето кривично законодавство.

Тука пред се би спомнал членот 10 околу сослушувањето по пат на телефонска конференција и во делот кој се однесува на тајните истраги така што не ни преостанува друго освен  кривичното законодавство, повторувам, повторно го преилагодиме кон она што значи во овој предлог на закон.

Истовремено би ставил една забелешка до Министерството за правда и до Министерството за внатрешни работи во смисла што лично сметам и на неколку места забележувам дека преводот не одговара адекватно на оригиналниот текст од англиски јазик.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 за, 2 воздржани.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 за, 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја.

Преминуваме на 13 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара зборѓ?

Има збор госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Почитувани колеги, сакам да го поздравам донесувањето на овој закон затоа што со него сме уште еден чекор поблиску до хармонизација на нашата легислатива со европската од една страна, меѓутоа го поздравувам овој закон и како учесник во женското движење во Република Македонија. Ме радува еден ваков закон затоа што ние како женско движење сме навистина доста напред на овој план во поглед на организираноста на теренот, но тоа е забележано во поширокиот регион на Југоисточна Европа и не случајно токму во нашиот Парламент е формиран клуб на парламентарки поради навистина забележителното зголемување на бројот на парламентарки на овие избори кое го постигнавме низ заедничка активност на жените од различни политички партии, од различни невладини организации, од медиумите, експертки, од владиниот сектор и од Синдикатот.

Меѓутоа, она што очигледно сеуште ни недостига, а тоа е дополнување на законската регулатива каде ќе можеме да го дозаокружиме целиот корпус на закони кои ја опфаќаат заштитата на човековите права и демократијата. Значи, верувам со овој закон навистина ќе направиме еден значителен исчекор и во оваа насока и ќе добиеме уште една потврда дека Македонија на планот на еднаквоста на половите навистина направила чекор напред и на некој начин можеби е лидер во регионот.

Би сакала уште нешто да додадам што мислам дека е значајно. Верувам дека по донесувањето на овој закон на поинаков начин ќе се однесуваат и носителите на високи функции во нашата држава затоа што, за жал, сеуште се случува понекогаш во јавноста да се излегува со некои изјави кои се неприкладни, саксистички и кои ги навредуваат достоинствата и чувствата на жените. Скоро бевме сведоци на таква изјава, верувам дека оваа законска регулатива ќе придонесе, меѓу останатото, за поинаков однос меѓу нас самите, меѓу мажите и жените и дека ќе го подигнат разбирањето и почитта меѓу двата пола во нашата земја.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на факултатитниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, а во салата се присутнми 63 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, а гласале 56 од кои 54 за, 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикуам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Преминуваме на 14 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на вклучување на деца во вооружени конфликти, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на деца во вооружени кофликти.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни, гласале 57, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се прифаќа и станува составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, од присутни 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на деца во вооружени конфликти.

Преминуваме на 15 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за авторски права, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Што се однесува до законот за ратификација на Договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за авторски права мислам дека тој закон е многу значаен затоа што со ова, како и со некои претходни закони се приближуваме кон законодавните норми и светски стандарди како што беше случајот со недискриминација на жените или заштитата на децата. Од овој аспек и

во оваа насока на глобализација и хармонизација на законодавствата на демократски парламентарните земји треба да се поздрави и верувам дека Парламентот ќе го ратификува овој договор затоа што многу е значајно да се заштитат уметниците кои ги создаваат уметничките дела и книжевните дела од еден феномен кој е многу проширен во регионот во Македонија, тоа се пиратските едиции или изданија. Гледано чисто од егоистички индивидуални побуди може да се каже дека населението има можност да ги купи овие дела многу евтино, меѓутоа, од друга страна со оваа неугледна појава преку која не се плаќаат авторските права на лица кои се ангажирани, кои работат на нивната професија, уметничка професија и сосема е нормално тие да бидат платени за нивниот труд.

Од друга страна преку пиратските изданија преку кои не се исплаќаат авторските права на лица така што се намалува нивната мотивација за работа и ги доведуваме во една тешка состојба и нормално е секому да му се плати неговиот труд и неговиот придонес.

Од друга страна што се однесува до претходните закони мислам дека не е доволно само законодавниот аспект да се гледа односно ратификација на договори, туку тие треба да се имплементираат и во пракса и за ова е потребно ангажирање од соодветни државни органи.

Уште еднаш го поздравувам овој закон и ве повикувам да го излгасаме.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Роза Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓаат два Предлог-закони за ратификација на меѓународни договори, во овој момент ќе зборувам и за законот кој следи по една точка на дневниот ред, тоа е Законот за изведбите и фонограмите.

Сосема накусо би го изложила својот став во врска со овие два закони. Се работи за ратификување на договори за авторски права и за договорот за изведбите и фонограмите кои произлегуваат од активностите на Светската организација за интелектуална сопственост. Имено, во времето кога информатичките и комуникациските технологии се развиваат со извонредно динамично темпо

неопходно е да се развиваат и меѓународни правни норми и интерпретација на истите согласно со променетите состави во практиката.

Ратификувањето на овие два договори за Република Македонија сметам дека од особено значење ако се има во предвид пред се затоа што и двата договори на извесен начин се дополнување на претходните договори, овде се мисли на Римската конвенција за заштита на уметниците изведувачи, фонограмските продуценти и радиодифузните организации, како и за Бернската конвенција за заштита на книжевните и уметничките дела.

Република Маедонија е пристапник и потписник на двата договори што ги спомнав и сосема е логично и соодветно да се пристапи кон поддржување и ратификување на договорите кои претставуваат на некој начин нивен кохерентен дел.

Исто така Македонија е член на Светската организација за интелектуална сопственост и што е уште познаајно од неодамна и на Светската трговска организација. Во нејзини рамки се преземени обврски со Спогодбата за трговски аспекти на интелектуалната сопственост кои треба да се почитуваат.

На крајот, се разбира, се работи за посебно усогласување со европското законодавство во сферата на авторските права и на ителектуалната сопственост.

Од ова што до сега го кажав сосема е јасно и јасно се наметнува потребата Собранието да ги ратификува овие договори и воедно сакам да кажам дека пратеничката група на ЛДП ќе гласа за Предлог-законите за ратификација на овие договори.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за авторски права.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 за, 1 против, а присутни се 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, гласале 55, од кои 54 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за авторски права.

Преминуваме на 16 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, верувам дека овој закон ќе даде значителен придонес во борбата против трговијата со жени и деца таканаречениот (трафикид) кој во современата терминологија се третира како трговија со бело робје.

Верувам дека со ова ќе се согласат моите колешки од Парламентот затоа што на неколку наврати преку Клубот на парламентарки расправавме за оваа, за жал, толку актуелна тема во Република Македонија. Притоа особено внимание посветивме кон ратификација на потребата односно ратификација на протоколот од Палермо како средство за борба против ова зло.

Инаку само да спомнам за неупатените дека тој протокол од Палермо опфаќа третман на жртвите на трговија со бело робје, меѓутоа, и заштита на сведоците кое

се покажа како многу важен елемент при соодветниот третман, па понатаму на лицата кои се носители на вакви криминални дејанија.

Ова го нагласувам како потсетување до Министерството за правда што побрзо да го стави овој протокол од Палермо на ратифиација на нашето Собрание и да нагласам дека сега сме поблиску со можностите кон тоа затоа што за ратификација на тој протоколл од Палермо беше неопходно да се направат одредени измени во законската регулатива во неколку закони, а исто така и да се направи измена во Уставот со што ќе се овозможи да се регулира начинот на следење и прислушкување на лица кои се осомничени за вакви дела.

При денешното пристапување на измени на Уставот, верувам дека сме поблиску до можноста за обезбедување и ратификација на овој протокол од Палермо во нашето Собрание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучпк:

Собранието го усвојува предлогот за донесување а закон за ратификација на факултативниот протокол кон Конфенцијата за правата на детето за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник и сите глассале за.

Сметам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни пратеници во салата се 62. Гласале 58, Сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Законодасвно-правната комисија поднесе амандман на на насловот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот и на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПРЕСТАВНИК НА ВЛАДАТА:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Значи амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на факултативниот протокол кон конвенцијата за правата на детето кој се о днесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија.

Минуваме на точката 17.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за изведбите и фонограмите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлог за донесување на закон за ратификација на договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за изведбите и фонограмите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници. 61 гласал за. 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа ссedница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. 60 за, 1 воздржан, а присутни се 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закоконот.

Молам, далил некој бара збор.? (Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот на Светската организација на интелектуална сопственост за изведбите и фонограмите.

Минуваме на точката 18. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и советот на министрите на БиХ за соработка во областа на културата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлог за донесување на закон за ратификаицја на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на БиХ за соработка во областа на културата. Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници. присутни се 64, и сите гласале за. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа ссfödница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, гласале 61 пратеник, 60 за, 1 воздржан, и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, далил некој бара збор.? (Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, сите за, во саслата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Советот на министрите во БиХ за соработка во областа на културата.

Минуваме на точката 19. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на платниот промет со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за платниот промет.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, гласале 59 пратеници. 58 гласал за. 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа ссeдница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, 55 гласале и сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 став 1 во воведната реченица за менување на воведната реченица на став 2 за бришење на воведната реченица на став 3 и на став 5; член 3 став 1 и 2; член 5 за преформулирање на воведната реченица; член 6 став 2; член 8 став 1, во воведната реченица и за менување на ставовите 2 и 3; член 10 и на член 11 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор.? (Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Пртисутни се 63 пратенци, гласале 60 пратеници, сите за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за платниот промет.

Минуваме на точката 20 Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва со Предлог на закон. Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника 61 за, 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, дали некој бара збор.? (Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за трговски друштва.

Минуваме на точката 21- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за индустриска сопственост со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлог за донесување на закон за изменување на Законот за индустриска сопственост.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници се присутни,

58 пратеницигласале, сите за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа сседница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор.? (Никој)

Го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за индустриска сопственост.

Минуваме на точката 22 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на РМ, за 2002 година.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на РМ, за 2002 година и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на завршната сметка на Буџетот на РМ за 2002 година.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на завршната сметка на Буџетот на РМ за 2002 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, гласале 61, за, 1 воздржанн и 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Буџетот на РМ за 2002 година.

А сега предлагам тука да прекинеме со работа и да продолжиме утре во 10 часот со Предлогот на законот за Народнот правобранител.

Ве повикувам да дојдете утре сите за да можеме да завршиме, а во четврток имаме пратенички прашања.

Седницата прекина со работа во 15,00 часот.